



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЖЛИВОСТ 2020

ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ АД СКОПЈЕ
























TITAN
CEMENTARNICA USJE

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЖЛИВОСТ 2020

ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ АД СКОПЈЕ

TITAN
CEMENTARNICA USJE

## За Извештајот

Ова е 12-ти последователен Годишен извештај за одржливост (во понатамошниот текст „Извештај“), целосно усогласен со глобалниот секторски пристап на TITAN Cement International S.A. (кратко име: Групација ТИТАН) во следењето, известувањето и проверката на резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (environmental, social and governance performance - „ESG“).

Овој Извештај е во согласност со стандардите за известување за одржливост на Групацијата ТИТАН, дефинирани во однос на спроведувањето на принципите на Меѓународниот совет за интегрирано известување (IIRC), Глобалниот договор на ОН за известување за напредокот, Упатствата на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA) и Целите на ОН за одржлив развој (SDGs) 2030. Во својот пристап, УСЈЕ во овој извештај исто така го интегририра и Упатството на Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (UNCTAD) за усогласување на известувањето за одржливост со Целите за остварување на Целите на ОН за одржлив развој, следејќи го пристапот на Групацијата ТИТАН. Во Извештајот ги користиме иконите за Целите на ОН за одржлив развој, поврзувајќи ги со содржина и со информации што се присутни во конкретниот дел од Извештајот.

Грант Тортон ДОО Скопје, независен ревизор, беше ангажиран да обезбеди Извештај за независно ограничено уверување за овој Годишен извештај за одржливост во согласност со барањето од Повелбата и Упатствата на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA) и критериумите за напредно ниво за комуникација за напредокот на Глобалниот договор на Обединетите нации (UNGC). Извештајот за независно ограничено уверување издаден од Грант Тортон ДОО Скопје е дел од овој Извештај. Извештајот ги исполнува и критериумите за напредно ниво за комуникација на напредокот на Глобалниот договор на ОН.

Извештајот е изготвен во согласност со потребите и очекувањата на засегнатите страни во врска со материјалните, финансиските и ESG прашањата. На крајот на 2020 година, Цементарница УСЈЕ направи аквизиција на рудникот Опалит ДООЕЛ, поради што вкупниот број директно вработени во овој Извештај ги вклучува вработените во Цементарница УСЈЕ и во Опалит ДООЕЛ. Сите други податоци објавени во овој Извештај се однесуваат исклучиво на оперативните активности на Цементарница УСЈЕ АД Скопје.

# Содржина


**Клучни показатели за 2020 година** 7

**Порака од главниот извршен директор** 8

**Стратешки осврт** 10

**За Групацијата ТИТАН** 12
- Нашиот деловен пристап во променливиот глобален пејзаж
- Нашите стратешки приоритети
- Глобално присуство на Групацијата ТИТАН

**За Цементарница УСЈЕ** 18
- Нашата водечка цел и вредности
- Нашите производи
- Историја на одржлив развој на УСЈЕ
- Создаваме вредност за сите
- Фокус на материјалните прашања и вклучување на засегнатите страни

**Резултати во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување** 28

**Резултати во животната средина** 30
- Нашиот пристап кон управување со животната средина
- Нашите напори за ублажување на климатските промени
- Алтернативни горива
- Следење на емисиите
- Енергетска ефикасност
- Намалување на бучавата
- Управување со вода
- Процена на ризици за водата
- Управување со отпад
- Биодиверзитет и управување со земјиште
- Процена на ризици за биодиверзитетот

**Придонес кон општеството** 36
- Одговорот на УСЈЕ на ковид-19
- Безбедност и здравје
- Нашите вработени, вработување и развој
- Одржливост на заедниците

**Управување: корпоративно управување, етика и управување со ризици** 47
- Организациска структура
- Одбори и комитети на УСЈЕ
- Системи за внатрешна ревизија и управување
- Надворешни ревизии
- Вградување на одржливоста
- Нашите деловни партнери – купувачи и добавувачи
- Управување и контрола на ризици
- Антикорупциско управување
- Колективно преговарање и синдикално организирање

**Финансиски резултати** 52

**ESG известување** 54

**Извештај за независно ограничено уверување** 72

**Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи** 76



# Клучни показатели за 2020 година

## Преглед на пазарот

И покрај пандемиската криза во 2020 година, УСЈЕ успеа да ја зголеми продажбата на цемент на домашниот пазар за 4,3% во споредба со 2019 година. УСЈЕ го задржа значителното учество на домашниот пазар од 74,9% и обезбеди цемент за клучните проекти во транспортната инфраструктура и во областа на комерцијалните и станбените проекти, какви што се железничката пруга кон Грција кај граничниот премин Меџитлија, браната Конско кај Гевгелија, автопатот Кичево – Охрид и големиот трговски центар „Ист гејт“ во Скопје. Извозот во Косово остана непроменет, но го зголемивме извозот во Бугарија. Вкупниот раст на продажбата на цемент во 2020 година изнесуваше 4%.

## Финансии

4.671 милиони денари

Приходи

1.858 милиони денари

EBITDA

1.523 милиони денари

Нето-добивка по оданочување

4.711 милиони денари

Вкупно средства

223 милиони денари

Капитални трошоци

31 милиони денари

Зелени инвестиции

# Порака од главниот извршен директор

**Почитувани партнери,**

Предизвиците наметнати од пандемијата во 2020 година имаа големо влијание врз сите сегменти од нашите животи и нѐ принудија да воведуваме промени и приспособувања и во рамките на компанијата. Целта беше да се овозможи непречено работење и обезбедување услуги на нашите купувачи, истовремено грижејќи се за здравјето на вработените, изведувачите, добавувачите и на сите други засегнати страни, кои имаат релации и контакти со Цементарница УСЈЕ и со нашите вработени. Имајќи го ова како наш приоритет, работевме напорно да воведеме и да применуваме мерки за заштита од ширењето на ковид-19 и да ги организираме деловните активности во согласност со овие нови околности, како и да обезбедиме свој придонес кон ублажувањето на ефектите од пандемијата врз јавното здравје и општеството. Оттаму, активностите поврзани со дигитализацијата и одржливото работење добија уште поголемо значење и внимание во текот на 2020 година.



**Дури и во една ваква година со големи предизвици, нашите деловни резултати останаа стабилни што главно се должи на фактот што градежниот сектор беше меѓу најмалку погодените од кризата.**

Дури и во една ваква година со големи предизвици, нашите деловни резултати останаа стабилни што главно се должи на фактот што градежниот сектор беше меѓу најмалку погодените од кризата. Годината ја затворивме со солидни резултати, па дури и со одредено зголемување на приходите на компанијата, кои достигнаа износ од 4.671 милиони денари.

Постигнувањето на нашите цели во вакви отежнати услови создадени од пандемијата е резултат на дисциплината и одговорноста на сите вработени во Цементарница УСЈЕ.

Сите вработени покажаа голема флексибилност и се приспособија на новите услови за работа, со цел да го заштитат своето и здравјето на другите. Со користењето разни дигитални алатки, деловните активности и координацијата продолжија без нарушувања и без да се загрозат утврдените стандарди и правила за безбедност и здравје, ниту, пак, континуираниот процес на професионален развој и обука.

Со цел да го олесниме процесот на комуникација со купувачите, промовиравме нова апликација, TitanUp mobile. Апликацијата е модерна, лесна и ефикасна алатка за купувачите, преку која можат да креираат нарачки и да го следат процесот на испорака. Првично планирана да претставува побрза, поедноставна и современа услуга, мобилната апликација се покажа како вистинско решение во време на криза што исто така резултираше со нејзино широко прифаќање и употреба. До крајот на годината, 75% од сите нарачки беа направени преку новата платформа. Цементарница УСЈЕ уште еднаш докажа дека има вистински пристап и алатки за задоволување на потребите на купувачите, не само во однос на обезбедување висококвалитетни производи, туку и во обезбедување супериорна услуга во новосоздадените услови.

Придонесот за заедницата продолжи преку реализација на многу проекти со нашите локални партнери, кои вклучуваат поддршка за училиштата, за градинките, како и иницијативи за зајакнување на положбата на младите и заштитата на животната средина. Сепак, приоритет беше

обезбедувањето помош за здравствениот систем кој се бореше со ковид-19. За таа цел издвоивме 100.000 евра за разни донации во текот на целата година..

Намалувањето на влијанието врз животната средина остана еден од нашите главни приоритети. Продолживме со нашите добри практики во поддршката на циркуларната економија, следењето на емисиите, енергетската ефикасност, минимизирањето на бучавата, управувањето со водата и отпадот, како и управувањето со биодиверзитетот и земјиштето. Во 2020 година воведовме нов производ – зелен цемент со ниско ниво на јаглерод, обезбедувајќи еколошки одржливо решение за нашите купувачи што се еднакво посветени на намалувањето на влијанието врз животната средина и на нејзината заштита.

УСЈЕ континуирано презема обврски за да се придржува до меѓународните иницијативи какви што се Глобалниот договор на ОН и Десетте начела, како и Глобалното здружение за цемент и бетон (GCCA). Гледајќи кон иднината, веќе започнавме да ги усогласуваме приоритетите на нашата компанија со Целите на ОН за одржлив развој за 2030 година.

Постојано свесни за нашата посветеност на одржливоста и создавањето вредност за сите засегнати страни, во 2020 година ги поставивме и нашите ESG цели за 2025 година и понатаму, останувајќи цврсто на патот на понатамошно унапредување на деловната етика, транспарентноста и доброто управување. Остануваме посветени на грижата за нашите луѓе, локалната заедница, целокупното општество, животната средина, истовремено обезбедувајќи вредност за нашите купувачи, добавувачи и акционери. Нивното мислење е секогаш добредојдено и е од огромно значење за УСЈЕ.

Би сакал да ја истакнам силата на нашиот тим. Секој член работи неуморно, искористувајќи ја целата своја енергија и сите вештини за да ги задоволи потребите на нашите купувачи и партнери. Тие прават сѐ што е потребно за да се заврши работата на успешен и професионален начин.

Токму затоа сакам да им се заблагодарам на сите вработени што го приспособија својот начин на работа во овие неизвесни времиња и кои продолжуваат да ги „живеат“ нашите вредности и култура.

**Борис Хрисафов**
**Главен извршен директор**

# Стратешки преглед


## За Групацијата ТИТАН

Нашиот деловен пристап во променливиот глобален пејзаж

Нашите стратешки приоритети

Глобално присуство на Групацијата ТИТАН

## За Цементарница УСЈЕ

Нашата водечка цел и вредности

Нашите производи

Историја на одржлив развој на УСЈЕ

Создаваме вредност за сите

Фокус на материјалните прашања и вклучување на засегнатите страни






# За Групацијата ТИТАН

## Нашиот деловен пристап во променливиот глобален пејзаж

Црпејќи од 118-годишното искуство во индустријата и следејќи ја својата посветеност на одржливиот развој, ТИТАН прерасна во меѓународен производител на цемент и на градежни материјали, снабдувајќи купувачи во повеќе од 25 земји во светот, преку мрежа од 14 интегрирани цементарници и три постројки за мелење цемент.

ТИТАН исто така управува со рудници, погони за готов бетон, транспортни терминали и со други капацитети за производство и за дистрибуција.

Ние ја задоволуваме општествената потреба за безбедни, трајни, издржливи и достапни објекти за домување и инфраструктура. Создаваме вредност преку трансформација на суровини во производи – цемент, бетон, агрегати, летечка пепел, суви малтери, блокови и други градежни материјали. На нашите купувачи им нудиме услуги за транспорт и дистрибуција, како и низа дополнителни решенија, почнувајќи од технологии за подобрување на процесите, до управување со отпад.

Во период на забрзани промени и несакани настани, како што е пандемијата, ефикасно се справуваме со критичните предизвици и даваме свој придонес во градењето подобра, поодржлива иднина заедно со нашите засегнати страни.

| | |
|---|---|
| Климатски промени и општествена потреба од јаглеродно-неутрална иднина | Климатските промени претставуваат долгорочен ризик за нашата планета и за општеството, што бара мобилизација на организациите од многу сектори, вклучувајќи ја и индустријата за цемент, за да се преземат значајни активности и да се пристапи кон решавање на овој глобален предизвик. Во 2020 година, Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA) ја објави климатската амбиција на своите членови за намалување на $CO_2$ отпечатокот од деловните активности и производи и испорака на јаглеродно-неутрален бетон за општеството до 2050 година. Нашата индустрија работи низ целиот еколошки синџир на вредности за да ја исполни оваа намера во контекст на животниот циклус во циркуларната економија. |
| Дигитална трансформација како основа за иден раст | Четвртата индустриска револуција, водена од појавата на „Интернетот на нештата“, „големите податоци“, вештачката интелигенција и напредната анализа ветува дека ќе ги трансформира клучните компоненти на синџирот на создавање вредност на индустријата. Традиционалните двигатели за создавање вредност се надополнети со нови дигитални алатки, кои внесуваат вредност преку подобрена оперативна ефикасност и поголем ангажман на корисниците. Компаниите што рано ја прифаќаат Индустријата 4.0 и брзо се адаптираат можат да извлечат значителни придобивки. |
| Зголемени општествени очекувања во врска со одржливоста | Со очекувањата за општествена одговорност на претпријатијата, за ESG резултати и со растечката транспарентност, организациите ги зголемуваат нивните напори за одржливост. Компаниите мора да работат на одржлив начин низ целиот синџир на создавање вредности, ефикасно да им пристапат на материјалните прашања на засегнатите страни и да понудат производи со одржлив животен циклус. |
| Урбанизација и одржлив развој на инфраструктурата | Како што продолжува урбанизацијата, така побарувачката за одржлива инфраструктура и зелени градежни производи и решенија во текот на следните децении ќе се зголемува. Цементната индустрија мора да одговори на зголемената потреба од отпорна градба за да ги заштити нашите градови и животната средина од климатските промени. Во исто време, мора да придонесе преку иновации во обликувањето одржливи градови во соработка со сите релевантни засегнати страни низ целиот синџир на вредности. |

### Нашиот пристап

Континуирано го намалуваме јаглеродниот отпечаток од нашите активности и учествуваме во декарбонизација на синџирот на вредности во градежништвото. Целиме кон намалување на нашите директни специфични емисии на $CO_2$ од 35% до 2030, споредено со нивоата од 1990 година. Преку учество во европски и меѓународни конзорциуми, развиваме цементни производи со ниско присуство на јаглерод и соработуваме во проекти за истражување и развој, кои ќе воведат технологии за намалување на јаглеродните емисии во нашите фабрики, активно придонесувајќи кон амбицијата на нашата индустрија за јаглеродно-неутрална иднина до 2050.



### Нашиот пристап

Индустријата 4.0 ја прифаќаме како можност и ние сме пионери во трансформацијата на цементната индустрија со активен и претприемачки пристап. По серијата успешни дигитални проекти, во 2020 ги консолидиравме нашите напори во рамките на Центарот за дигитална компетенција на Групацијата за да ја забрзаме нашата дигитална трансформација. Ја зајакнуваме нашата конкурентност преку дигитална трансформација, зголемувајќи ја оперативната ефикасност во производството и во синџирот на набавки и унапредувајќи го искуството на нашите купувачи.



### Нашиот пристап

Сите наши деловни активности ги реализираме транспарентно и со добро управување, обезбедувајќи максимално позитивно локално влијание надвор од границите на нашите фабрики. Се стремиме кон придонес кон одржливиот развој на локалните заедници промовирајќи разновиден и инклузивен начин на размислување. Најголем дел од нашите вработени, надворешни изведувачи и добавувачи се членови на задниците во кои дејствуваме. Заедно со засегнатите страни, спроведуваме планови за вклучување на заедницата и зајакнување на младите преку квалитетно образование и вештини за личен и професионален развој.



### Нашиот пристап

Развиваме одржливи производи – се фокусираме на нивната достапност, трајност и можност за рециклирање, како и на нивниот јаглероден отпечаток. Во процесот на нивниот развој, применуваме холистички пристап во производството, потрошувачката, повторната употреба/рециклирањето/обновата и отстранувањето на нивните остатоци за да ја го процениме нивното влијание врз животната средина во текот на целиот нивен животен циклус. Истовремено, ги охрабруваме нашите партнери во синџирот на вредности да ги вклучат принципите на одржливост во нивните деловни одлуки и секојдневно однесување, дополнително промовирајќи ги одговорните набавки.



## Соработка со нашите засегнати страни

Преку соработката со купувачите, деловните партнери, локалните заедници и академската јавност, ја зголемуваме споделената вредност создадена на глобално, регионално и локално ниво.

Активно соработуваме со меѓународни организации за решавање глобални предизвици за одржливоста во рамките на Целите за одржлив развој на ОН за 2030. Учесник сме и во Глобалниот договор на ОН (UNGC) и клучен член на Европската деловна мрежа за корпоративна општествена одговорност (CSR Europe) и на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA).

# Нашите стратешки приоритети

За да ја постигнеме нашата водечка цел, се фокусираме на четири стратешки приоритети:

## Географска диверзификација

Ја прошируваме нашата дејност преку аквизиции и гринфилд-инвестиции на нови атрактивни пазари за да ја диверзифицираме основата за остварување приход и да го ублажиме ефектот на нестабилност која е својствена за нашата индустрија.

## Континуирано подобрување на конкурентноста

Воведуваме нова ефикасност во нашата дејност за да ги намалиме трошоците и да бидеме поконкурентни, спроведувајќи дигитални решенија низ целиот наш вредносен синџир

## Вертикална интеграција

Го развиваме нашиот бизнис и во други производни области во синџирот на создавање вредност при производство на цемент, подобро опслужувајќи ги нашите клиенти и пристапувајќи до нови можности за остварување добивка.

## Одржливост, со фокус на животната средина и општеството

Го намалуваме нашето влијание врз животната средина со фокус на декарбонизација и биодиверзитет. Се грижиме за нашите вработени, вложуваме во нивниот развој и поттикнуваме конструктивна соработка со нашите соседни заедници и со другите засегнати страни.

Она што ги поврзува овие приоритети е нашиот пристап кон споделување на најдобрите практики, знаење и експертиза. Примената на овој пристап во Групацијата помага во развојот на нашите способности и ефикасната испорака на нашата водечка цел.



# Глобално присуство на Групацијата ТИТАН

За нашите резултати и активности известуваме врз основа на четири географски региони и одделно за нашето заедничко вложување во Бразил.

## САД

| | |
|---|---|
| 2 Интегрирани цементарници | 8 Рудници |
| 82 Погони за готов бетон | 3 Транспортни терминали |
| 7 Погони за бетонски блокови | 5** Погони за преработка на летечка пепел |

Главни производи/активности

Приход €937,7 мил.

EBITDA €176,1 мил.

Актива €1.095,8 мил.




Легенда на главни производи/активности:

- Цемент
- Готов бетон
- Агрегати
- Сув малтер
- Бетонски блокови
- Летечка пепел
- Управување со отпад и алтернативни горива

## Бразил (заедничко вложување)*

| | |
|---|---|
| 1 Интегрирана цементарница | 3 Рудници |
| 1 Постројка за мелење | 4 Погони за готов бетон |

Главни производи/активности

Број на оперативни единици за сите региони пресметано според потребите за известување за ESG резултатите на групациско ниво

*Заедничкото вложување во Бразил е вклучено во финансиските извештаи користејќи го методот на капитал за цели на консолидација. Во прегледот и во извештаите за ESG резултатите не е вклучено заедничкото вложување во Бразил.

**Вклучен е еден погон во Канада



## Југоисточна Европа

**Интегрирани цементарници**

1. **Косјериќ – Србија**
2. **Златна – Бугарија**
3. **Шар – Косово**
4. **УСЈЕ – Северна Македонија**
5. **Антеа – Албанија**

### Југоисточна Европа

- **5** Интегрирани цементарници
- **20** Рудници
- **6** Погони за готов бетон
- **1** Погон за процесирани и преработени горива

Главни производи/активности

Приход €271,0 мил.

EBITDA €96,2 мил.

Актива €456,9 мил.





## Источен Медитеран

**Интегрирана цементарница**

1. **Токат**

**Постројка за мелење**

2. **Мармара**



**Интегрирани цементарници**

1. **Александрија**
2. **Бени Суеф**



## Грција и Западна Европа

**Интегрирани цементарници**

1. **Солун**
2. **Камари**
3. **Патрас**

**Постројка за мелење**

4. **Елефсина**

### Источен Медитеран

- **3** Интегрирани цементарници
- **14** Рудници
- **7** Погони за готов бетон
- **1** Постројка за мелење
- **2** Погони за процесирани и преработени горива

Главни производи/активности

Приход €151,7 мил.

EBITDA €-3,3 мил.

Актива €484,8 мил.

### Грција и Западна Европа

- **3** Интегрирани цементарници
- **25** Рудници
- **28** Погони за готов бетон
- **1** Постројка за мелење
- **2** Погони за процесирани и преработени горива
- **3** Транспортни терминали
- **1** Погон за сув малтер

Главни производи/активности

Приход €246,6 мил.

EBITDA €17,2 мил.

Актива €563,3 мил.

# За Цементарница УСЈЕ

Лоцирана во југоисточниот дел на Скопје, Цементарница УСЈЕ работи повеќе од 65 години. Во 1998 година, Цементарница УСЈЕ стана дел од Групацијата ТИТАН – интернационален производител на цемент, што значително придонесе кон растот на компанијата, обезбедувајќи неограничен пристап до технолошки, финансиски, правни, човечки и други ресурси и знаења. УСЈЕ во Северна Македонија директно вработува приближно 253 вработени, заклучно со 31.12.2020 година. УСЈЕ управува со цементарница, со погон за готов бетон и со три рудници, меѓу нив и рудникот Опалит, кој е преземен на крајот од 2020 година.

Вклученоста на нашите засегнати страни и комуникацијата со нив се отворени и транспарентни, со цел да се изгради доверба и ни помагаат да воспоставиме заеднички вредности и да придонесеме кон одржлив развој. Се грижиме за нашите вработени и продолжуваме да вложуваме во нивниот развој. Ги штитиме човековите права, обезбедуваме пристојни работни услови и ги унапредуваме безбедноста и здравјето на луѓето во рамките на фабриката и во сите наши активности.

## Нашата водечка цел и вредности

Наша цел е да растеме како меѓународен, вертикално-интегриран производител на цемент, со комбинирање на претприемачкиот дух и оперативната совршеност, со почит кон луѓето, општеството и животната средина.

Нашите вредности се суштината на тоа кои сме ние. Од нив се водени нашите достигнувања и раст. Цементарница УСЈЕ е посветена и ги споделува вредностите на Групацијата ТИТАН, кои обезбедија силна врска и раст одржувајќи ја Групацијата повеќе од еден век, а произлегуваат директно од начелата, придобивките и визијата, поставени уште во 1902 година.

### Интегритет

- Етички деловни практики
- Транспарентност
- Отворена комуникација
- Добро управување

### Знаење

- Подобрување на нашата база на знаења
- Врвни познавања на секоја функција
- Извонредност во основните функции

### Вредност за купувачите

- Предвидување на потребите на купувачите
- Иновативни решенија
- Висококвалитетни производи и услуги

### Испорачување резултати

- Вредност за акционерите
- Јасни цели
- Високи стандарди

### Континуирано подобрување

- Организација што постојано учи
- Подготвеност за промени
- Справување со предизвиците

### Корпоративна општествена одговорност

- Безбедноста на прво место
- Одржлив развој
- Вклученост на засегнатите страни

***Вткаени во идентитетот на Групацијата и составен дел на нашата култура и практиките на нашите луѓе, нашите вредности го водат начинот на кој ги реализираме нашите деловни активности – со почит, отчетност и одговорност.***

# Нашите производи

Видови цемент што ги произведуваме во УСЈЕ:
**CEM I 52.5 N, CEM II/A-V 42.5 R, CEM II/B-M (V-L) 42.5 N, CEM II/B-M(V-L) 42.5 R, MC5 – USJEMAL/SHARRMAL**

## Цемент

Цементот е врзувачка супстанција и главна компонента во готовиот бетон. Се произведува со мелење клинкер, гипс и други цементни материјали во фин прав.

## Готов бетон

Готовиот бетон се прави од цемент, агрегати и вода за да се произведе траен производ што може да се вгради во различни формати. Обично се меша во производствените постројки според спецификација и потоа се транспортира до градилиштата.

## Агрегати

Агрегатите се груби материјали како песок, чакал, дробен камен и рециклиран бетон, кои се користат во градежништвото. Тоа се најексплоатираните рударски материјали во светот и се користат како суровина во цементот и како зацврстувачки агенс, на пример, во асфалт и бетон. Тие може да се користат и во фундаменти за патишта и за железници.

## Воведување нискојаглероден зелен цемент

### CEM IV/B (V-P) 32.5 N

УСЈЕ воведе нов тип цемент CEM IV/B (V-P) 32,5 N – позолански цемент. Содржината на клинкер е во опсег од 45% до 64%, со целна вредност 50%. Другите состојки се главно летечка пепел (V) и природни позолани (P). Намаленото учество на клинкер ги намалува емисиите на стакленички гасови, додека зголемената употреба на летечка пепел од термоелектраните ја намалува потребата од нејзино отстранување. Ниската содржина на клинкер во голема мера ја намалува топлината од хидратацијата, додека високата содржина на минерални додатоци дополнително придонесува за отпорноста на хемиска агресија.

# Историја на одржлив раст на УСЈЕ

**1955**

Првата ротирачка печка на УСЈЕ почна со работа во април 1955 година. Втората ротирачка печка беше пуштена во употреба во 60-тите години

**1967 & 1973**

Почнаа да работат две нови линии: Печка 3 и Печка 4, додека Печка 1 и Печка 2 беа изгаснати

**1998**

Групацијата ТИТАН го откупи мнозинскиот пакет акции на Цементарница УСЈЕ

**2000 & 2003**

Беа инсталирани врeќести филтри на линија 3 и линија 4

**2004 & 2008**

Сертификација со систем за квалитет ISO 9001: 2000

Сертификација со систем за управување со животната средина ISO 14001: 2004

Инсталиран систем за независно 24-часовно континуирано мерење емисии

УСЈЕ станува член на мрежата на Глобалниот договор на ОН

**2009**

За првпат во регионот и во Групацијата ТИТАН, УСЈЕ почнува со континуирано јавно објавување на податоците од мерењата на животната средина на интернет

УСЈЕ го формира Одборот за општествена одговорност

**2010**

УСЈЕ го објавува својот прв извештај за КОО и одржлив развој за 2009 година

УСЈЕ го организира првиот Форум за вклучување на засегнатите страни

Воспоставен е систем за безбедност и здравје за управување со изведувачи

**2011**

Сертификација со систем за управување со безбедност и здравје OHSAS 18001-2007

556 дена без повреди на работното место

УСЈЕ добива А-Интегрирана еколошка дозвола A-IPPC

УСЈЕ добива Национална награда за најдобри практики за ООП во категоријата Животна средина и три плакети

Првиот Отворен ден на компанијата

**2012**

Организиран е првиот Ден за комуникација за вработените на УСЈЕ

Ревидиран е Кодексот на однесување и е дистрибуиран до сите вработени

Прва пречистителна станица за третман на атмосферски води

**2014**

Извештајот за корпоративна општествена одговорност

и одржлив развој е верификуван од независна

компанија за верификација

Инвестиција во опрема за намалување на $NO_x$

**2015**

60-годишнина на УСЈЕ

Објавена Монографија на УСЈЕ

**2016**

Воведена е ТИТАН Платформа за лидерство

Почеток на проектот „ЕУ пакт за млади“

**2017**

На пазарот се воведени два нови типа цемент

Замена на 3550 врекести филтри во опремата за подготовка на суровинско брашно

**2018**

УСЈЕ воведе алтернативни горива во оперативниот процес

Интегриран систем за управување со квалитет и животна средина

Правилник за заштита на лицата што пријавуваат незаконско или несоодветно однесување

Награда Предводник на целите за одржлив развој 2018

**2019**

УСЈЕ добива награда за унапредување на човековите права во бизнисот

**2020**

ТИТАН Програма за помош на вработените (ЕАП)

Интеграција на системите за управување: ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018 и ISO 50001:2018

Иницијативи за ниско ниво на јаглерод: Нов цемент тип CEM IV/B (V-P) 32,5 N.

TITAN Up апликација

Ажурирање на проценката на ризикот врз биодиверзитетот според глобалните стандарди

Нови стандарди за процена на материјалните прашања (SASB) и нови теми во листата на материјални прашања за поставување на идните цели

Аквизиција на Опалит

# Создаваме вредност за сите

Веруваме дека одржливоста на компанијата не може да се постигне без да се обрне внимание на општествените и еколошките аспекти. Ги користиме нашите уникатни силни страни, ресурси и врски за да создадеме одржлива вредност за широк спектар засегнати страни, правејќи помалку штета и повеќе добро. Се фокусираме на обезбедување општествена вредност преку нашата посветеност да го поддржиме одржливиот развој на заедниците што се наоѓаат во близина на нашите активности.

Водени од нашата водечка цел → Црпиме од нашиот капитал: финансиски, производствен, интелектуален, човечки, општествен природен и релациски → Да испорачаме производи и услуги → Создавајќи вредности за нашите засегнати страни → Притоа придонесувајќи кон ЦОР на ОН за 2030

***ЦОР - Целите за одржлив развој**

## Како го правиме тоа...

Одговорна набавка на материјали

Производство, користејќи ги најдобрите достапни техники во безбедна и здрава средина

Целите за одржлив развој (ЦОР) 2030 се напредни цели, кои се поврзани со ESG резултатите. 10-те начела на Глобалниот договор на ОН се однесуваат на основите за добро управување и на ESG резултатите.

| Дистрибуирана економска вредност | Клучни засегнати страни | ЦОР 2030 година |
|---|---|---|
| 223 милиони денари во инвестиции за развој на компанијата | Купувачи<br>Вработени<br>Локални заедници и влади<br>Регулаторни тела, институции<br>Акционери<br>Деловни партнери и добавувачи<br>Подизведувачи<br>Медиуми<br>Локални институции<br>Млади<br>Граѓански организации<br>Академска и истражувачка заедница |  |
| 395 милиони денари во даноци на националните и на локалните власти | | |
| 4.153 милиони денари вкупно потрошени на локални и на меѓународни добавувачи за стоки и услуги | | |
| 2.194 милиони денари додадена вредност | | |
| 2.026 милиони денари нето-додадена вредност | | |
| 31 милион денари во зелени инвестиции | | |
| 294 милиони денари за плати, пензии и придонеси, вклучувајќи дополнителни бенефиции над законски предвидените | | |
| 1,16 милиони денари за обука | | |
| 33 нови вработувања | | |
| 9 практиканти | | |
| 7,7 милиони денари како поддршка за проекти на заедницата | | |

Извештаите за ESG резултатите опфаќаат четири области: Создавање вредност и дистрибуција кон засегнатите страни, Клучни индикатори за успешноста на резултатите во општественото работење, Клучни индикатори за успешноста на резултатите во животната средина и Клучни индикатори за успешноста на резултатите во корпоративното управување.
„Индексот на клучни индикатори за создавање вредност“ опфаќа дефиниции на поимите што се користат специфично за создавање вредност и дистрибуција кон засегнатите страни и служи како Индекс за белешки за горната табела.

# Фокус на материјалните прашања и вклучување на засегнатите страни

Преку отворена и структурирана комуникација, ги вклучуваме засегнатите страни за да ги продлабочиме нашите сознанија за нивните потреби и очекувања. Целта на овој процес е да изградиме односи базирани на доверба и да ја зајакнеме соработката за да создадеме заедничка вредност и да придонесеме кон одржлив развој.

## Нашиот пристап кон процена на материјалноста

Проценатa на материјалноста е тековен процес што обезбедува основа за спроведување на нашата стратегија за одржливост. УСЈЕ ја следи оваа практика како стандарден процес уште од 2008 година и се придржува кон глобалните стандарди. Сепак, во 2020 година, новиот начин на спроведување на процесот на процена на материјалноста воден од Групацијата додаде нови елементи, како вклучување на SASB мапата за материјалноста (SASB Materiality Map®) во процесот на утврдување на материјалните прашања.

Во 2020 година, УСЈЕ спроведе процес на процена на материјалноста под водство на Групацијата. УСЈЕ одново ги разгледа и им додели приоритет на материјалните прашања релевантни за нашите деловни активности во однос на нивното влијание врз Групацијата и нивното значење за нашите главни засегнати страни.

**1 Идентификација и поставување приоритети**

Идентификување и приоритизација на материјалните прашања врз основа на важноста за нашите засегнати страни и нивното моментално влијание врз деловните активности

**2 Поставување цели**

Определување на областите на одржливоста кои се во фокусот и поставување на еколошките, општествените и корпоративните цели

**3 Спроведување**

Вклучување на вработените низ целата Групација во спроведувањето на стратегијата

**4 Преглед и известување на засегнатите страни за резултатите**

На ниво на Групација, даваме годишни извештаи за нашите резултати за одржливост на засегнатите страни

Во 2020 година ги ревидиравме и ги ажуриравме нашите приоритети, следејќи го процесот дизајниран од Групацијата. Процесот потврди дека прашањата какви што се безбедноста и здравјето, управувањето со животната средина, развојот на вработените, одржливиот синџир на снабдување, задоволството на купувачите, климатските аспекти и енергијата и доброто управување, остануваат високо на листата на материјални прашања идентификувани во повеќето земји каде што работи ТИТАН.

## Процес на процена на материјалноста

Проектниот план продолжува

### Планирање

#### Дефинирање

**Временска рамка**

**Соработници**

Листа на клучни (внатрешни) засегнати страни во Прашалникот за процена на материјалноста (MAQ)

Список на учесници на работилницата

### Подготовка

#### Подготовка и извршување

**Внатрешни повратни информации**

Барање повратни информации од клучните внатрешни засегнати страни

Извршување на MAQ 2020

Анкета на вработените 2019

**Надворешни повратни информации**

Тековно истражување/студија обезбедена од Секторот за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување на Групацијата

Индикативни надворешни студии (GCCA)

Повратни информации од постојните механизми

### Процена

#### Подготовка и спроведување

**Повратни информации добиени од процената на MAQ 2020**

**Ко-процена на влезните параметри на истражувањето/студијата**

**Работилница за завршување на процената**

**Нацрт-матрица на материјалноста**

### Завршување

#### Развој

**Финализација на матрицата на материјалноста 2021**

**Поврзување на целите за 2025 со материјалните прашања и Целите за одржлив развој 2030**

### Валидација

#### Валидација

**Валидација на матрицата на материјалноста со избрани клучни внатрешни засегнати страни**

## Нашите клучни засегнати страни

Листа на нашите засегнати страни според релевантноста и значењето за нашите деловни активности во пресрет на 2025 година




*** Според повратните информации добиени од Прашалникот за процена на материјалноста (MAQ) 2020 од нашите 12 клучни внатрешни засегнати страни**

Процесот на дефинирање на материјалните прашања беше долгорочен процес и како резултат на комбинирањето на материјалните прашања релевантни за нашите деловни активности, како и за нашите засегнати страни, ги дефиниравме нашите материјални прашања за 2021 година. Повратните информации што ги добиваме од нашите засегнати страни преку отворена и структурирана комуникација ќе служат како водилка за нашето континуирано подобрување на сите полиња.

Нашите материјални прашања остануваат исти во споредба со претходните дефинирани во 2018 година. Сепак, повеќето од материјалните прашања се редефинирани и опфаќаат пошироки области, какви што се:

- Управување со локалните влијанија врз животната средина и заштита на природните ресурси. Опфаќа и: Визуелно влијание, Бучава.
- Вклучување на вработените, развој и благосостојба. Опфаќа и: Управување со перформансите на вработените, овластување и соработка.
- Продолжување на вклучувањето и придонесот кон одржливоста на заедниците. Опфаќа и: Образование и вештини за работните места, јавна благосостојба и инфраструктура.
- Добро управување и деловна етика. Опфаќа и: Усогласеност со стандардите на ЕУ, Човекови права, Борба против корупција, Транспарентност (особено во врска со ко-обработката на алтернативни горива), Конкурентно однесување.

## Матрица на материјалноста на УСЈЕ 2021-2025 година




## Поврзување на Целите за одржлив развој со материјалните прашања

| Материјални прашања 2021 година | Основни ЦОР за УСЈЕ | Дополнителни ЦОР |
|---|---|---|
| Управување со локалните влијанија врз животната средина и заштита на природните ресурси | 13 | 3, 17, 6, 11, 12 |
| Безбедна и здрава работна средина за нашите вработени и за деловните партнери | 3 | 17, 4, 8 |
| Градење доверба со нашите купувачи и унапредување на нивното задоволство | 17 | 12, 3 |
| Добро управување и деловна етика | 17 | 4, 8, 5 |
| Продолжување на вклучувањето и придонесот кон одржливоста на заедниците | 17 | 4, 9, 11 |
| Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел | 13 | 17, 7, 11, 15, 9 |
| Вклучување на вработените, развој и благосостојба | 3 | 17, 4, 8, 5 |
| Одржлив и стабилен синџир на снабдување | 12 | 17, 3, 8 |

*** ЦОР - Цели за одржлив развој на ОН**

## Поврзување на материјалните прашања со областите во фокус на Групацијата ТИТАН

| | | Управување со локалните влијанија врз животната средина и заштита на природните ресурси -1 | Безбедна и здрава работна средина за нашите вработени и за деловните партнери -2 | Градење доверба со нашите купувачи и унапредување на нивното задоволство -3 | Добро управување и деловна етика -4 | Продолжување на вклучувањето и придонесот кон одржливоста на заедниците -5 | Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел -6 | Вклучување на вработените, развој и благосостојба -7 | Одржлив и стабилен синџир на снабдување -8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Области за фокусирање на Групацијата ТИТАН | Декарбонизација и дигитализација | ● | | ● | | | ● | | |
| | Работно опкружување кое овозможува раст | | ● | | ● | ● | | ● | |
| | Позитивно локално влијание | ● | | ● | | ● | | | |
| | Одговорни набавки | ● | | ● | ● | ● | | | ● |
| | Засновано на: Добро управување, Транспарентност и Деловна етика 3, 4 | | | | | | | | |

# Резултати во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување

Резултати во животната средина

Придонес кон општеството

Управување: корпоративно управување, етика и управување со ризици





# Резултати во животната средина

Цементарница УСЈЕ постојано се стреми да одговори на дефинираните еколошки предизвици. Во оваа област целосно ги спроведуваме политиките на ТИТАН, кои гарантираат темелно и транспарентно управување со животната средина според најдобрите меѓународни практики. Ги решаваме прашањата поврзани со животната средина преку следење, мерење, известување, соработка, континуирано дејствување и подобрување. Постојано ги подобруваме нашите еколошки резултати, вложувајќи напор во справување со климатските промени, подобрување на нашата енергетска ефикасност, одговорно користење на природните ресурси и придонесуваме кон циркуларната економија.

| Цел на УСЈЕ | Резултати 2020 година | Цел 2025 година |
|---|---|---|
| Потрошувачка на вода (EP05L) | 314 л/цемент | Одржување на сегашното ниво на еколошките резултати во однос на оваа цел |
| Емисии на прашина (EP30L) | 7,84 $mg/Nm^3$ за Печка 3 и 5,53 $mg/Nm^3$ за Печка 4 или 7,37 т/годишно и 6,97 т/годишно, соодветно | <10 $mg/Nm^3$ |
| Емисии на $SO_x$ (EP32L) | 17,01 $mg/Nm^3$ за Печка 3 и 18,61 $mg/Nm^3$ за Печка 4, или вкупно 16 т/годишно и 23,44 т/годишно соодветно | <20 $mg/Nm^3$ |
| Емисии на $NO_x$ (EP31L) | 374,32 $mg/Nm^3$ за Печка 3 и 480,31 mg/$Nm^3$ за Печка 4, или вкупно 352 и 604,97 т/годишно соодветно | <600 $mg/Nm^3$ |
| Учество во најмалку една глобална и национална иницијатива за заштита на животната средина и климатските промени | „Час на планетата Земја“, засадување со соседите на зелени јавни површини и други. | Зголемување на јавната свест во врска со заштитата на животната средина и климатските промени |

# Нашиот пристап кон управување со животната средина

Постојано сме фокусирани на подобрување на еколошките резултати преку одржливо управување со природните ресурси и природата, подобрување на енергетската ефикасност и вклученост во циркуларната економија. Нашето управување, како и управувањето со животната средина на Групацијата, поставува цели за намалување на емисиите во воздухот, за заштита на биолошката разновидност, за управување со водите и рециклирање и за рехабилитација на рудниците. Следејќи ја нашата визија, се стремиме да бидеме признаени како една од водечките компании во нашата индустрија на светско ниво во поглед на одржливост и грижа за животната средина.

# Нашите напори кон ублажување на климатските промени

Производството на цемент е јаглеродно и енергетски-интензивен процес, така што за нас висок приоритет е намалувањето на јаглеродниот отпечаток. Преку конвенционални и иновативни активности за намалување на емисиите на $CO_2$, ТИТАН ја промовираше $CO_2$ Иницијативата, воспоставувајќи унифициран пристап и воведувајќи конзистентна методологија за усогласување на сите наши активности за намалување на емисиите. Овие активности се фокусираат на енергетска ефикасност, зголемена употреба на алтернативни горива, процена и приоритет на активностите поврзани со намалување на $CO_2$ на ниво на Групација и на локално ниво и следење и искористување на новите технологии.

Како дел од Групацијата ТИТАН го следиме протоколот GCCA[1] (претходно WBCSD/CSI) за пресметување и пријавување на емисиите на $CO_2$. Во согласност со овој протокол, пресметувањето и известувањето за $CO_2$ и за енергијата се врши редовно, и покрај тоа што националното законодавство не го бара тоа. Во 2020 година, вкупните емисии на $CO_2$ на УСЈЕ беа 0,693 милиони тони, додека специфичните директни емисии на $CO_2$ беа 671,29 кг $CO_2$/т цементен производ (ЕП16Л), што е приближно 2% повеќе во споредба со 2019 година. Зголемените специфични емисии на $CO_2$ се должат на зголемената употреба на разновидни горива, воведување нови видови цемент, што резултираше со зголемување на соодносот клинкер-цемент во споредба со 2019 година.

Практиките какви што се повторна употреба на производи, како и рециклирање и обновување на материјалите, се клучни во намалувањето на отпадот, како и во намалувањето на примарните суровини, со еден збор на циркуларната економија. Овие практики ја сочинуваат циркуларната економија. УСЈЕ делува во согласност со принципите на циркуларната економија и го препознава нивното значење во нашата групациска Политика за животна средина.

Специфични емисии на $CO_2$




Ваквите практики вклучуваат употреба на алтернативни горива со ниско ниво на јаглерод или јаглеродно-неутрални алтернативни горива и употреба на алтернативни суровини, што во суштина овозможува намалување на употребата на природни, необновливи ресурси. Преработките на производи од различни видови отпад во нашето работење (како биомаса, комунален отпад и други инертни отпадни материи) не само што се одговорен и ефикасен начин за намалување на нашиот јаглероден отпечаток, туку и овозможуваат решенија засновани на принципите на циркуларната економија.

*1 Упатства за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA) за следење и известување за емисиите на $CO_2$ од производството на цемент, издание 2019*

# Алтернативни горива

Алтернативните горива што се користеа во една од нашите две печки во 2020 година вклучуваа крајни деривати на горива (RDF) и биомаса од земјоделски отпад (оризова арпа), додека избраниот отпад од текстилната индустрија ќе се воведе во блиска иднина. И покрај предизвикот од пандемијата, УСЈЕ продолжи со напорите за употреба на алтернативни горива и суровини и се обиде да најде нови извори на отпад, како што е отпадот од различни видови пакувања.

### Придобивки за животната средина:

- Намалување на употребата на необновливи (фосилни) горива и суровини
- Намалување на стакленичките гасови
- Обнова на енергија наместо депонирање (хиерархија на отпад)

### Придобивки за општеството:

- Промовирање политика за управување со цврстиот отпад за општеството – избегнување на депонирање или согорување и придружни емисии (воздух, земја, вода)
- Нови можности за вработување/фокус на локално-регионално ниво

# Следење на емисиите

Освен емисиите на стакленички гасови (СГ) кои имаат глобален ефект, следењето на сите други емисии во воздухот е меѓу материјалните прашања идентификувани од нашите локални засегнати страни. Ние ги контролираме емисиите во воздухот со усвојување на најдобрите достапни техники и ги следиме со помош на мониторинг системи.

Ова на компанијата ѝ овозможува внимателно да ги следи емисиите во реално време и соодветно да преземе активности. Во исто време, на заинтересираните засегнати страни им дава редовни, ажурирани информации за нашите резултати. На наша иницијатива, резултатите од мониторингот се прикажани на веб-страницата на УСЈЕ како месечни и неделни извештаи за емисија од главните извори на емисија. УСЈЕ известува во согласност со Упатството за следење и известување за емисии[2].

| Вкупни емисии во 2020 година | |
|---|---|
| Прашина | 14,34 т/годишно |
| $NO_x$ | 956,96 т/годишно |
| $SO_x$ | 39,44 т/годишно |

*2 Упатства за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA) за следење и известување за емисиите на $CO_2$ од производството на цемент, издание 2019*

## Прашина

Во цементарниците, најголеми извори на емисија на прашина се оџаците на печките. Во 2020 година емисиите на прашина беа 7,37 тони за Печка 3 и 6,97 тони за Печка 4, соодветно годишно. Емисиите на прашина се далеку под границите (МДВ*) утврдени со барањата за животна средина содржани во локалните и во правните прописи на ЕУ. Просечната концентрација на прашина за Печка 3 е 7,84 mg/Nm$^3$ и за Печка 4 е 5,53 mg/Nm$^3$, додека МДВ е 30 mg/Nm$^3$.




## $SO_x$

Присуството на сулфур (S) во суровините е основна причина за емисиите на $SO_x$. Емисиите на $SO_x$ на УСЈЕ се значително под границите (МДВ) утврдени со важечките локални и ЕУ-прописи. За 2020 година, просечната концентрација на $SO_x$ за печка 3 е 17,01 mg/Nm$^3$ и за печка 4 е 18,61 mg/Nm$^3$, додека МДВ е 400 mg/Nm$^3$. Во 2020 година, нашето работење резултираше со емисија на $SO_x$ од 16,00 тони за Печка 3 и 23,44 тони за Печка 4, соодветно.




## $NO_x$

Согорувањето при високи температури доведува до емисија на $NO_x$. Во 2020 година емисиите на $NO_x$ беа 352,00 тони за Печка 3 и 604,97 тони за Печка 4, соодветно. Вкупните емисии на $NO_x$ беа во границите (МДВ) утврдени со локалното и со законодавството на ЕУ. Просечната концентрација на $NO_x$ за Печка 3 е 374,32 mg/Nm$^3$ и 480,31 mg/Nm$^3$ за Печка 4, додека националната МДВ е 800 mg/Nm$^3$. Намалувањето на емисиите на $NO_x$ кај двете печки е резултат на користење различни видови горива и употреба на инсталацијата за селективно некаталитичко намалување (SNCR).




*** МДВ – Максимална дозволена вредност**

## Енергетска ефикасност

Во 2020 година спроведовме дел од планираните проекти за подобрување на енергетската ефикасност, какви што се замена и модернизација на внатрешното и на надворешното осветлување, изолација на административните згради, како дел од предложените мерки од Деталните енергетски проверки на објекти. Исто така, во 2020 година стигнавме до последните чекори за спроведување на системот за управување со енергијата ISO 50001:2018 и се очекува да биде сертифициран во 2021 година. Активностите за подобрување на енергетската ефикасност во фабриката ќе продолжат и во 2021 година, со активности предложени во Студијата за енергетска ефикасност и енергетските контроли на зградите, како и со активностите предложени од ISO 50001.

## Управување со вода (EP27L)

Водата е суштински дел од секојдневниот живот. Управувањето со водите е сложен процес на соработка што бара **рамнотежа помеѓу хидрологијата, животната средина и управувањето со ресурсите. „Сувата технологија“ за производство на цемент** што се користи во УСЈЕ ја исклучува употребата на вода во главниот процес на производство. Техничката вода се користи само како средство за ладење и нема испуштање отпадни води од производството во согласност со соодветните Упатства за одржливост на GCCA[3].

Во 2020 година, УСЈЕ искористи вкупно 374.752 $м^3$ вода (за производство на клинкер и цемент), од кои 322.944 $м^3$ е подземна вода од нашите лиценцирани бунари и 51.808 $м^3$ од јавната општинска водоводна мрежа. Зголемената потрошувачка на подземна вода во 2020 година во споредба со претходните години главно се должи на поголемата побарувачка за наводнување на зголемените зелени површини засадени во кругот на фабриката и рудниците. Нашите постојани напори за заштита на водата како природен ресурс се огледуваат во одржливото управување со водата во нашето работење. Воведовме систем за следење на водата што овозможува мерење и евидентирање на количините вода на месечна (и дневна) основа.

## Намалување на бучавата

Производството на цемент, како и повеќето други индустриски активности, предизвикува бучава како резултат на видот на опремата што се користи во производствениот процес, транспортот на материјали итн. Измереното ниво на бучава на мерните точки во фабриката и во рудниците не ги надминува утврдените дозволени граници во согласност со националните закони. Во согласност со нашите напори да направиме повеќе добро и да го минимизираме нашето влијание врз околината, и покрај тоа што бучавата создадена од нашето работење е под законските граници, во 2020 година УСЈЕ продолжи да спроведува и да инвестира во активности за намалување на бучавата предвидени во Акциониот план на втората последователна студија за намалување на бучавата во близина на Цементарница УСЈЕ.

## Процена на ризици за водата

Процената на ризиците за водата претставува значајна компонента на ТИТАН за одржливо управување со водните ресурси. Во 2020 година, процената на ризиците за вода за сите локации на Групацијата беше завршена со помош на алатката Аквадукт на Светскиот институт за ресурси (WRI) и Филтерот за ризик за води на Светскиот фонд за дивиот свет (WWF). Резултатите ќе се користат за подобрување на компаниските практики за одржливо управување со водите и за развој на специфични планови за управување со водите за локации во подрачја со недостиг на вода.

## Управување со отпад (EP37L и EP38L)

Намалувањето, повторната употреба и рециклирањето на суровините, на енергијата и на отпадот, се клучни елементи на Политиката за животна средина на Групацијата. Нашето производство на клинкер и цемент не создава отпад или отпаден нуспроизвод. Отпадот главно се создава од активности за одржување и пакување производи. Следејќи ги најдобрите практики, отпадот се одделува на местото каде што настанува, се собира и привремено се чува во просторот за складирање отпад. Во 2020 година безбедно депониравме околу 5.457 тони отпад, од кои 4.861 тони беа повторно искористени или рециклирани. Сите протечени материјали се мерат, се собираат и се враќаат назад во процесот. Оваа активност ни овозможува детална анализа за ракување со сиот отпад создаден во фабриката.

*3 Упатства за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA) за следење и известување за емисиите на $CO_2$ од производството на цемент, издание 2019*

# Биодиверзитет и управување со земјиште (EP08L - EP13L)

Рехабилитација на рудниците, пошумување, зазеленување површини во кругот на фабриката и одржување и подобрување на околната вегетација се дел од политиката за животна средина и рехабилитација на УСЈЕ. Нашите деловни активности многу зависат од користењето природни ресурси. Сеопфатните процени на влијанието врз животната средина и плановите за рехабилитација ги опфаќаат сите фази на развој, работење, како и затворање рудници. За рехабилитација на рудниците се користат и традиционални и нови методи за пошумување. Сите активности за рехабилитација на рудниците и за управување со биолошката разновидност на локациите се во согласност со соодветните Упатства за одржливост на GCCA[4].

За да обезбедиме квалитетно спроведување на плановите за рехабилитација, ангажиравме професионална компанија и дел од кругот на фабриката е претворен во расадник за одгледување и производство на автохтони растителни видови, кои се потребни за реализација на рехабилитациските активности и целите утврдени во соодветните студии.

Од 1998 година, повеќе од 364.000 дрвја се засадени од УСЈЕ или донирани на трети страни за садење. Во 2020 година засадивме вкупно 50.016 растенија, од кои 27.719 дрвја беа засадени во рудникот за лапорец, 888 дрвја во рудникот за варовник во Говрлево, 8.000 дрвја во рудникот за песок во Врловица, 8.500 дрвја беа засадени во рудникот за песок во Љубош и 4.909 растенија (дрвја, цвеќиња и грмушки) се засадени на зелените површини во кругот на фабриката.

# Процена на ризици за биодиверзитетот

Во 2020 година ТИТАН ја ажурираше проценета на ризиците за биодиверзитетот за сите свои локации. Сите цементарници и рудници на Групацијата беа оценети во поглед на нивниот статус и вредноста на биодиверзитетот со употреба на Интегрираната алатка за процена на биодиверзитетот (IBAT, https://ibat-alliance.org/). Следниот чекор е понатамошна процена на локалните основни услови на локациите за кои беше утврдено дека се во близина на (или дел од) области со висока вредност на биодиверзитетот, со цел да се утврдат потенцијалните потреби за развој на соодветни планови за управување со биодиверзитетот, во согласност со клучните принципи на Упатствата за одржливост на GCCA за рехабилитација на рудници и управување со биодиверзитетот.

*4 Упатства за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA) за рехабилитација на рудници и управување со биолошка разновидност, 2020 година*

# Придонес кон општеството

Нашата заложба да создадеме вредност за нашите вработени, за локалната заедница, за изведувачите, за добавувачите, за купувачите и за локалните засегнати страни е дел од нашите вредности и нашиот деловен модел. Применуваме глобални стандарди за да бидеме сигурни дека се исполнети принципите на транспарентност и деловна етика, притоа решавајќи ги најматеријалните прашања преку нашата стратегија и долгорочни иницијативи. Иако контекстот во кој работиме има свои предизвици, се трудиме да бидеме одговорна компанија преку идентификување на нашите влијанија врз општеството и преземање активности за намалување на неповолните дејства, истовремено подобрувајќи го нашето позитивно влијание и особено благосостојбата и добросостојбата на нашите вработени, на локалните заедници и на партнерите.

## Одговор на УСЈЕ на ковид-19

Како и останатиот дел од светот, нашата земја беше под влијание на ширењето на ковид-19. Новите околности бараа брзо приспособување на начинот на живеење, однесување, работење и пристап. Раководството на УСЈЕ реагираше со најголема одговорност во однос на ситуацијата. Оперативните активности и активностите за одржување беа усогласени врз основа на воведените ограничувања од надлежните институции и како дополнување на другите превентивни мерки преземени од менаџерскиот тим. Имавме честа комуникација со работната група за епидемиологија. Потребните информации беа евидентирани и пријавени во тесна соработка со нашите вработени во врска со кој било идентификуван случај на ковид-19 за да се ограничат можностите тој да влијае врз другите.

Со цел да ги заштити вработените од заканата од ковид-19, но и заедниците од кои доаѓаат најголемиот дел од нашите вработени, и земајќи ги предвид владините мерки и препораки, раководството на УСЈЕ презеде широк спектар мерки за да се спречи ширењето на вирусот и да се обезбеди здраво работно окружување и деловен континуитет. Со систематски и тековни процеси за процена на ризици поддржавме дополнителни мерки и релевантни упатства за хигиенските мерки, кон кои беа додадени програмите за медицинска и психолошка помош како совети за нашите вработени и за нивните семејства. Покрај тоа, беше организирана работа од дома, обезбедено платено отсуство за ризични групи вработени и планови за ротација за вработените чии должности бараат нивно физичко присуство на работа. Известувања беа испраќани на неделно ниво до сите вработени со најважните мерки против ковид-19 издадени од Светската здравствена организација (СЗО) и релевантните медицински установи.

- **Повеќе од 250 ковид-тестови за вработените и за членовите на нивните семејства**
- **Интерна кампања за подигнување на свесноста на нашите вработени со повеќе од 40 инфографици и информативни летоци**
- **Обезбеден тест за антитела за сите вработени**

# Безбедност и здравје

Посветеноста на УСЈЕ да се грижи за луѓето беше потврдена преку безбедно и здраво работно опкружување како што е дефинирано со нашата Политика за безбедност и здравје при работа, координирана од раководството на Групацијата ТИТАН. Ние веруваме дека е можно да се постигне ниво на безбедност без повреди на работа. Оваа визија ја поставивме како наша примарна цел. За да ја постигнеме оваа цел, неопходно е да продолжиме со примена на најдобрите достапни практики за безбедност и здравје при работа и да се влијае врз свесноста на вработените – и директно и индиректно, како и постојано да се ревидираат безбедносните аспекти на секое работно место, од оние најтешките до рутинските.

УСЈЕ предвидува работно опкружување што им гарантира безбедност и здравје на сите вработени и изведувачи и континуирано работи за да се постигне оваа цел.

Се фокусираме на идентификување и давање приоритет на прашањата поврзани со безбедноста и здравјето, на унапредување на свесноста за безбедноста и здравјето на нашите вработени, изведувачи и партнери, на зајакнување на културата за спречување несреќи и за здрав начин на живот во сите наши активности.

Раководството е посветено на континуиран развој на безбедноста и здравјето при работа (БЗР) во компанијата и се стреми кон подобри резултати во областа на БЗР. Во споредба со претходната година, во 2020 година инвестициите во БЗР се зголемија за 56%. Во 2020 година нашите вработени добија обука поврзана со БЗР од 5,34 часа по вработен, додека изведувачите 2 часа по вработен. Бројот на часови за обука споредено со минатата година се намали како резултат на пандемијата и преземените превентивни мерки за заштита.

Трендот на зголемен број безбедносни обиколки што покажува голема посветеност и вклученост на раководството продолжи и во 2020 година. Оваа година имавме 2 повреди на работното место, една на изведувач и една на наш вработен. Со истраги на инциденти опфативме 100% од инцидентите класифицирани како избегнати незгоди и двата вида повреди на работното место. Извештаите од истрагите на фабриката, како и оние споделени на групациско ниво, се користеа како исклучително полезни алатки за учење. Еден од нашите врвни приоритети е подготовката на Планови за безбедна работа за сите поединечни и високоризични работни места.

Надворешните ревизии и државниот инспекторат ја потврдија усогласеноста на компанијата со законодавството за БЗР и со стандардите на Групацијата.

## Показатели за безбедност и здравје при работа (тренд по години)




***Во 2020 година успешно го завршивме процесот на транзиција од OHSAS 18001 во релевантниот ISO 45001 стандард за безбедност и здравје при работа***

*** LTI - Повреда со изгубено време се дефинира како повреда поврзана со работата што предизвикува отсуство од еден или повеќе работни дена (или смени), сметајќи од денот по повредата, пред лицето да се врати во нормална или ограничена работа (ако две или повеќе лица се повредени во каква било несреќа, тогаш настанот треба да се смета како две или повеќе повреди со изгубено време, како и „Изгубени денови" за секое повредено лице)**
**** LTIFR - Број на повреди со изгубено време за една година на 1.000.000 работни часа**
***** LTISR - Број на изгубени денови во календарот поради повреди со изгубено време во текот на извештајниот период на 1.000.000 работни часа**

| Показатели за безбедност и здравје при работа | | 2020 |
|---|---|---|
| Безбедност и здравје | **Резултати од сите активности според Глобалниот секторски пристап на ТИТАН** | |
| | Смртни случаи на вработени | 0 |
| | Стапка на смртност на вработени | 0,00 |
| | Смртни случаи кај изведувачи | 0 |
| | Смртни случаи кај трети лица | 0 |
| | Изгубено време поради повреди кај вработени (LTIs) | 1 |
| | Стапка на зачестеност на повреди на вработени (LTIFR) | 2,47 |
| | Изгубени работни денови на вработените | 147 |
| | Стапка на сериозност на повредите на вработените | 363,40 |
| | Изгубено време поради повреди кај изведувачи (LTIs) | 1 |
| | Стапка на зачестеност на повреди со изгубено време кај изведувачи (LTIFR) | 1,80 |
| | **Водечки индикатори за сите активности** | |
| | Избегнати незгоди | 19 |
| | Часови обука за безбедност и здравје по вработен | 5,34 |
| | Часови обука за безбедност и здравје по изведувач | 1,99 |
| | Трошоци за безбедност и здравје на вработените (евра) | 551.439 |

# Нашите вработени, вработување и развој

Посветеноста на човечкиот капитал и корпоративната општествена одговорност се еден од нашите стратешки приоритети. Визијата на Групацијата да „обезбеди емоционално и умствено ангажирана работна сила“, изразена во Политиката за управување со луѓето на ТИТАН, го опишува пристапот на компанијата кон управување со луѓето, кој е поддржан од интегрирани системи, релевантни политики и специфични програми.

**Се стремиме да сториме повеќе за да поттикнеме работна средина и инклузивна култура во која сите вработени имаат можност да ги исполнат своите очекувања и да го искористат својот потенцијал без оглед на разликите.**

## Вработување

Ангажираноста на вработените е тековен процес за Групацијата, кој опфаќа обезбедување повратни информации на структуриран и организиран начин. Нашите луѓе се клучен елемент на нашиот успех и ние се обидуваме да им понудиме, покрај безбедно работно опкружување и можности да ги развиваат своите вештини и знаења и да учат нови работи секој ден, оспособувајќи ги да се справат со предизвиците и да го надградуваат сопствениот потенцијал.

### Живеење според нашите вредности

Веруваме дека ефективната и ангажирана работна сила треба да живее според нашите вредности и да има силно разбирање за нашиот Кодекс на однесување и Платформата за лидерство на ТИТАН.

| Број на вработени на 31 декември 2020 година | |
|---|---|
| Ж | М |
| 42 | 211 |

| Просечен број на изведувачи во 2020 година |
|---|
| 242 |

### Вработени по возраст и пол

| ВКУПНО 2020 година | | <30 | | 30-50 | | Над 50 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 42 | 211 | 7 | 19 | 24 | 94 | 11 | 98 |

### Број на директни вработени по категорија и пол

| | Ж | М |
|---|---|---|
| Топ менаџери | | 4 |
| Менаџери | 5 | 14 |
| Администрација/Технички кадар | 21 | 41 |
| Работници | 16 | 152 |

### Процент на жени на раководни позиции во 2020 година

| М | Ж | Вкупно | Жени % |
|---|---|---|---|
| 18 | 5 | 23 | 21,74% |

*** Ж – Жени, М - Мажи**

## Промени во бројот на вработените во 2020 година

| Вработени на крајот на годината / Вкупно заминати / Процент на заминати | | | Заминати вработени според пол и возраст (заклучно со 31 декември 2020 година) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ж | | | М | | |
| | | | <30 | 30-50 | Над 50 | <30 | 30-50 | Над 50 |
| 253 | 23 | 9,09% | / | 1 | 2 | 2 | 2 | 16 |

## Нови вработувања во 2020 година

| Ж | | М | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| <30 | 30-49 | <30 | 30-50 | Над 50 | |
| 3 | 3 | 7 | 17 | 3 | 33 |

## Вработени од локалната заедница

| | Ж | М | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Локално | 9 | 64 | 73 |
| Други заедници | 33 | 146 | 179 |
| Странци | | 1 | 1 |
| Вкупно | | | **253** |

## Развој и вклученост на вработените

Развивањето знаења, стручност и креативен потенцијал во УСЈЕ е динамичен процес, стимулиран од компанијата преку постојани инвестиции во обука на вработените, бидејќи сме убедени дека одржливата иднина на компанијата најдобро се гради преку вредностите на образованието, обезбедувајќи заемна придобивка и за компанијата и за вработените.

### Вкупно обучени вработени по пол во 2020 година

| Вработени на крај на 2020 година | Вкупно обучени вработени | % на обучени вработени од вкупниот број вработени | Обучени мажи вработени | % на обучени мажи од вкупниот број вработени мажи | Обучени жени вработени | % на обучени жени од вкупниот број вработени жени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 253 | 234 | 92,5% | 195 | 92,4% | 39 | 93% |

| Часови за обука по тема 2020 година | Вкупно часови |
|---|---|
| Воведна обука за новвработени | 845 |
| Усогласеност (вкл. човекови права) | 376 |
| Корпоративна општествена одговорност | 32 |
| Дигитализација | 507 |
| Животна средина | 841 |
| Странски јазици | 352 |
| Функционални компетенции | 292 |
| Општи компетенции | 16 |
| Безбедност и здравје | 1.319 |
| Менаџерски вештини | 154 |
| Друго (вклучувајќи и курсеви за онлајн учење LinkedIn) | 1.628 |
| Обезбедување | 18 |
| Техничко знаење | 629 |
| Вкупно | 7009 |

| Обучени вработени по категорија | |
|---|---|
| Администрација/Технички кадар | 61 |
| Менаџери | 21 |
| Работници | 150 |
| Топ менаџери | 2 |
| Вкупно | 234 |

| | |
|---|---|
| Вкупна инвестиција за обука на жени вработени (во евра) | 5.628 |
| Вкупна инвестиција за обука на мажи вработени (во евра) | 17.376 |
| ВКУПНА инвестиција за обука | 23.005 |

Вкупен број часови за обука на изведувачи 2020 година: 534

## Ангажираност на вработените

### Акционен план по спроведена Анкета на вработените

Во 2019 година Групацијата ТИТАН организираше Анкета на вработените. Анкетата на вработените во УСЈЕ имаше стапка од 93% добиени одговори од вработените. По резултатите, беа формирани фокус-групи и беа спроведени интервјуа, со цел да се идентификуваат причините и потенцијалните активности за подобрување. Менаџерскиот тим во 2020 година подготви Акционен план, кој се однесува на приоритетните области за подобрување, идентификувани по анализата на резултатите од Анкетата на вработените.

Во овој контекст, приоритетни области на Акциониот план на УСЈЕ се: Зајакнување (поедноставување и забрзување на процесот), Комуникација и соработка, Безбедност и здравје и Гордост да се биде дел од ТИТАН.

Акциониот план им беше транспарентно соопштен на сите вработени.

### Комуникација и транспарентност преку дигитални алатки

Бидејќи дигитализацијата е една од трите главни цели на Групацијата, во 2020 година УСЈЕ спроведе активности кон таа цел.

- УСЈЕ ја промовираше својата нова компаниска веб-страница
- Компанијата отвори сопствен LinkedIn профил во февруари 2020 година
- Воведен нов групациски интранет „Конекции“ со достапни новости за компанијата за сите вработени
- Во 2020 година УСЈЕ разви нов софтвер за евиденција на работното време
- Сите вработени добиваат интерни новости од компанијата на нивните електронски адреси

## Различности и инклузивност

Во 2020 година, еднаквоста, различноста и инклузивноста беа идентификувани меѓу најрелевантните и најважните прашања за клучните засегнати страни. Нашите акциони планови беа изготвени во согласност со резултатите од Анкетата за ангажираност на вработените спроведена во 2019 година. Акционите планови произлегоа од детална анализа на збирните одговори на прашањата од анкетата, како и од серија интервјуа и длабинско истражување на различни фокус-групи на вработени.

Поддржуваме еднаквост, различности и инклузивност, посветени сме на обезбедување еднаков пристап и ја отстрануваме пристрасноста во нашето работење.

Врз основа на повратните информации добиени од многубројните фокус-групи и интервјуа, беше изработен сеопфатен акционен план за подобрување на различноста и на инклузивноста во целата Групација. Кодексот на однесување на нашата Групација и Политиките за човекови права и корпоративна општествена одговорност беа ажурирани за да вклучат појасни препораки за различноста и за инклузивноста.

Во УСЈЕ, 20% од членовите на Централниот одбор за управување и 22% од членовите на менаџерскиот тим се жени. Во исто време, УСЈЕ еднакво почитува и обезбедува вработување на 24% од вкупниот број вработени за лица од различна етничка припадност.

## Човекови права

Почитувањето на човековите права е еден од основните принципи на ТИТАН и УСЈЕ опишан во нашиот Кодекс на однесување на Групацијата. Во согласност со Водечките принципи на Обединетите нации за деловни активности и човекови права, УСЈЕ е посветена на почитување и поддршка на човековите права на своите вработени, на заедниците во кои делува и на деловните партнери, според начинот на кој е дефинирано во меѓународно признати стандарди, вклучително и Универзалната декларација на ОН за човекови права.

Групацијата ТИТАН ја воведе платформата за известување EthicsPoint® која обезбедува униформна, анонимна и строго доверлива алатка каде што сите вработени можат да пријават какви било случаи на неусогласеност, несоодветно однесување или злоупотреба. EthicsPoint® е дополнително средство со кое се обезбедува пријавување и испитување на случаите, како и нивно решавање со план за справување, ако и кога е потребно. Платформата промовира култура на отвореност, транспарентност и отчетност, што е од суштинско значење за зачувување на доброто управување и интегритетот. Петчлен комитет на Групацијата го надгледува истражувањето и постапувањето со пријавите, притоа обезбедувајќи доверливост и заштита на лицето што пријавува несоодветно или незаконско однесување.

УСЈЕ усвои Правилник за заштита на лицата што пријавуваат несоодветно или незаконско однесување, кој важи од 2017 година и ја почитува групациската Политика за пријавувачи, со цел да ја промовира етичката работна култура преку пријавување на сите проблеми. Нашите вработени беа целосно информирани и обучени за постапката за пријавување и нивните права што произлегуваат од Правилникот за заштита на лицата што пријавуваат несоодветно или незаконско однесување со вкупно 223 часа обука.

Во 2014 година УСЈЕ формираше Одбор составен од претставници на вработените за да посредува и да одговара на какви било случаи на вознемирување на работното место. Сите вработени во УСЈЕ добија обука за човекови права, за пријавување несоодветно или незаконско однесување и за правата против вознемирување на работното место. Во 2018 година оваа долгорочна обврска беше признаена како добра практика од Глобалниот договор на ОН од Њујорк.

УСЈЕ во 2019 година доби „Награда за унапредување на човековите права во деловното работење“, како признание за нејзината заложба за почитување на човековите права на вработените, на сите групи засегнати страни, на пошироката заедница, за промовирање на безбедноста и здравјето и принципите на добро корпоративно управување. Оваа награда беше дел од проектот на ЕУ „Унапредување на деловните принципи и принципите на човековите права“ во Северна Македонија, спроведен од Делегацијата на ЕУ, невладината организација „Конект“, а во партнерство со Бизнис конфедерацијата и локалната мрежа на Глобалниот договор.



## Нашиот холистички пристап кон добросостојбата

- Нашата нова Заложба за здравје и добросостојба ги опфаќа четирите клучни димензии на здравјето и благосостојбата: физичка, ментална, социјална и финансиска, и ја одразува важноста на придржувањето до интегриран, холистички пристап. Како дел од Политиката за здравје и благосостојба на Групацијата ТИТАН, УСЈЕ ја започна Програмата за помош на вработените (EAP), која на вработените и на нивните семејства им нуди стручни совети за лични, семејни или работни проблеми, со цел да им помогне во подобрувањето на нивното здравје, менталната и емоционалната благосостојба. Услугата нуди пристап до локални советници, кои можат да ги сослушаат грижите на вработените и да обезбедат практични, стручни совети и упатства за нив или за членовите на нивното семејство.
- Во 2020 година УСЈЕ обезбеди секојдневен бесплатен оброк за вработените во кантината на фабриката.
- Покрај тоа, како долгорочна практика, УСЈЕ овозможува детални здравствени прегледи за вработените, какви што се: целосни кардиолошки прегледи како и мамографија, гинеколошки и интернистички преглед за вработените жени.
- Дополнително, УСЈЕ продолжи со обезбедување План за приватно здравствено осигурување за сите вработени.

# Одржливост на заедниците

Преку отворена и структурирана комуникација ги вклучуваме сите наши засегнати страни за да ги продлабочиме нашите сознанија за нивните потреби и очекувања. Со овој процес сакаме да изградиме односи засновани на доверба и да ја зајакнеме соработката, со цел да создадеме заедничка вредност и да придонесеме кон одржлив раст.

## Поддршка на заедницата за време на епидемијата на ковид-19

За време на епидемијата на ковид-19 во нашата земја во текот на 2020 година, УСЈЕ презеде итни чекори и ја поддржа локалната заедница, како и многубројни медицински установи со опрема и материјали потребни за борба против ковид-19 и за заштита на медицинскиот персонал. Беа поддржани следните институции и организации:

- Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и Ковид-центарот во Општата болница „8 Септември“,
- Клиника за дерматологија,
- Клиника за токсикологија,
- Клиника за гинекологија,
- Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби,
- Градска општа болница „8 Септември“,
- Геронтологија,
- Општина Центар,
- Општина Кисела Вода,
- Социјално ранливи семејства и групи граѓани во соработка со Општина Центар и невладината организација „Банка за храна“.

***УСЈЕ останува фокусирана на зајакнување на нашите напори за постигнување автентично и уникатно општествено вклучување и зголемено позитивно влијание преку проекти за соработка и унапредување на заедницата каде што работиме и на локалните засегнати страни.***

## Заложби за декарбонизација Проект „Отпадот како енергенс за цементната индустрија на Западен Балкан“

УСЈЕ учествува во проектот „Отпадот како енергенс за цементната индустрија на Западен Балкан“ заедно со фабриката ТИТАН Антеа од Албанија и фабриката ТИТАН Косјерич од Србија. Проектот се реализира во партнерство со ГИЗ (Deutsche Gesellschaft fur international Zusammenarbeit), локални претставници од ГИЗ и претставници од Регионалниот центар за животна средина. Главна цел на проектот е продуктивно користење на комуналниот отпад и негово претворање во енергија за цементарници.

## Подобрување на разбирањето за управувањето со отпад

УСЈЕ, претставена од менаџерот за животна средина, учествуваше во работилниците „Разбирање на управувањето со отпад“. Работилниците беа организирани од невладината организација „Планктониум“, со цел да ги запознаат надлежните лица во општините со промените и со иновациите предвидени со законските измени во областа на третманот и собирањето отпад во земјата. За време на обуките беа презентирани потенцијалите на УСЈЕ во процесот на интегрирано управување со отпад и неговата повторна употреба.

## Кампања „Час на планетата Земја“ 2020 година

Поставувајќи ги нашето здравје, благосостојбата и заштитата на животната средина како наш врвен приоритет, УСЈЕ повторно се приклучи кон кампањата „Час на планетата Земја“. На 28 март 2020 година, со исклучување на мелниците за цемент и другите објекти каде што мерките за безбедност тоа го дозволија, УСЈЕ заштеди 10 MWh електрична енергија. Со приклучувањето кон оваа кампања, станавме дел од големото семејство што се грижи за зачувување на природните ресурси и животната средина. УСЈЕ е дел од кампањата „Час на планетата Земја“ веќе 12-та година.

## Акции за засадување дрвца со локалните и со соседните општини

Верни на нашата трајна и заедничка посветеност за подобрување на нашето влијание врз природата и општеството, која ја споделуваме со Општина Кисела Вода, донираве 150 дрвца: 70 зимзелени дрвца - лејланд, 70 листопадни дрвца (бреза, липа, јавор, врба) и 10 украсни грмушки. Овие дрвца беа засадени во заедничка акција, во која учествуваа наши вработени и претставници од општината. Дополнително, во соработка со невладината организација „Еко Гранд“, УСЈЕ донираше 160 дрвца во Општина Сопиште.

## Проект „Партнерство со училиштата“

Следејќи ја својата посветеност кон општествената одговорност, Цементарница УСЈЕ продолжи со Проектот за партнерство со училишта, со цел да се подобрат условите, безбедноста и здравјето и еколошката и енергетската ефикасност на градинките и на основните училишта. Во 2020 година УСЈЕ инсталираше:

- Сосема нова фасада со топлинска изолација во Детската градинка „8 Март“ во општина Кисела Вода,
- Нови врати за училниците во училишниот центар за деца со оштетен слух.

Ова е уште една долгорочна програма што се спроведува во соработка со нашите локални засегнати страни, која трае 12 години и вкупната инвестиција во овој проект надминува 600.000 евра.

## Поддршка на младите

- УСЈЕ е дел од меѓународниот проект RIS AliCE со цел меѓу младите студенти на меѓународно ниво да ги промовира можностите за производство на цемент со ниско присуство на јаглерод како начин кон глобална декарбонизација. Проектот RIS AliCE се однесува на создавање мрежа на релевантни чинители во областа на моментално неискористени и депонирани индустриски остатоци богати со алуминиум и зголемување на иновативниот потенцијал и конкурентноста на регионот на Источна и Југоисточна Европа (ИЈЕ). Инженери за контрола на квалитет од УСЈЕ активно учествуваа во овој проект и го споделија своето искуство од реалната употреба на летечката пепел во цементот, како и потенцијалот за користење на летечката пепел во согласност со целите на проектот RIS AliCE.

- Саем за вработување BEST 2020: УСЈЕ беше дел од 16-тиот саем за вработување, кој оваа година за првпат се одржа „виртуелно онлајн“, организиран од BEST – Бордот на европски студенти по технологија. Лицето одговорно за корпоративна општествена одговорност на УСЈЕ ја претстави компанијата и одговараше на прашања од студенти поврзани со можностите што ги нуди компанијата за вработување и за практикантска работа.

- Потпишавме договор со Меѓународното здружение за размена на студенти за техничко искуство (IAESTE) за практикантска работа на меѓународни студенти во УСЈЕ.

| Практиканти во 2020 година по возраст и пол | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст | Мажи | Жени | Вкупно |
| 18-20 | 5 | 0 | 5 |
| 21-25 | 0 | 3 | 3 |
| 26+ | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 6 | 3 | 9 |

## Споделување на нашите најдобри практики и искуство

УСЈЕ учествуваше во кампањата „Шампиони на промените“ на Американската стопанска комора (AmCham), каде што нашиот менаџер за човечки ресурси и корпоративна општествена одговорност даде интервју на тема „Дигитализацијата и промените“, истакнувајќи ги чекорите за дигитална трансформација на нашата компанија, некои од најголемите предизвици во целиот процес, начинот на кој нашата компанија им пристапи на овие предизвици и за тоа како дигиталната трансформација ги подобри перформансите на нашата компанија во неизвесни времиња.

## УСЈЕ – пријател на животните

Водени од нашата посветеност на општествената одговорност и, истовремено, поттикнувајќи насмевка на лицата на најмладите, Цементарница УСЈЕ со своите производи овозможи изградба на живеалиштето на слоновите во Зоолошката градина во Скопје и бетонски огради за ова живеалиште. Ние веруваме дека „дури и на големите им е потребен цврст дом“.

## Отворени денови

Во текот на годината беа организирани три отворени дена во УСЈЕ со засегнатите страни од општина Кисела Вода, соседната општина Аеродром и државните институции надлежни за заштита на животната средина. Во насока на олеснување на дијалогот со засегнатите страни и на заедничките активности, УСЈЕ ги презентираше своите оперативни активности, новите иницијативи за намалување на $CO_2$ и употребата на алтернативни горива, како и заложбата за заштита на животната средина. Годишниот извештај за одржливост беше презентиран и дискутиран со засегнатите страни.

## Крводарителски акции

Во 2020 година имаше вкупно четири крводарителски акции, кои беа организирани во нашата фабрика во соработка со Црвениот крст. Нашите вработени се охрабруваат да продолжат со редовно и доброволно дарување крв. Ова е традиција што трае повеќе од 30 години.

## Нова веб-страница на компанијата

Со цел да обезбеди поефикасна комуникација со надворешни и со внатрешни засегнати страни, УСЈЕ разви нова веб-страница со динамична структура и подобрен изглед. Веб-страницата е корисна алатка за транспарентна комуникација на мерењата на емисиите во воздухот со пошироката јавност (https://www.usje.mk/en/sustainability/en Environment/air-emissions/monitoring-air-emission/). Интерактивната веб-страница им овозможува на посетителите да поставаат специфични прашања во врска со презентираните податоци. Овој транспарентен и доверлив метод на комуникација, придонесе УСЈЕ да ја одржи и да ја зајакне вклученоста на заедниците и на клучните засегнати страни.

# Управување: корпоративно управување, етика и управување со ризици

Добрите принципи на корпоративно управување обезбедуваат секоја одлука да биде усогласена со нашата цел и со основните вредности, соодветно да ги зема предвид постулатите за одржливост и да е во најдобар интерес на нашите засегнати страни. Со проактивно идентификување, проценување и управување со сите наши потенцијално значајни ризици и можности, се подготвуваме за предизвици што можат да влијаат врз долгорочната одржливост на нашите деловни активности и ги постигнуваме нашите стратешки цели.

## Организациска структура



# Одбори и комитети на УСЈЕ

## ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Се состои од пет неизвршни и два извршни члена, состав што обезбедува вклучување на најдобрите глобални практики во нашето корпоративно управување. Членовите на Одборот имаат докажано, разновидно и комплементарно знаење и значајно искуство релевантно за главните предизвици со кои се соочува нашата компанија во своето деловно окружување и на клучните пазари.

## ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ

Обезбедува стратешко водство за иницијативите за подобрување на безбедноста и здравјето во нашата фабрика. Овој комитет е структуриран во 5 подкомитети и заедничка и крајна цел е да се заштитат безбедноста и здравјето на нашите вработени и на вработените на нашите изведувачи, како едни од основните човекови права на работното место.

## ОДБОР ЗА КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Одговорен за поддршка и спроведување на општествено одговорните активности на компанијата. Одборот ги разгледува акционите планови и постигнатите резултати и ги олеснува и ги иницира понатамошните подобрувања.

## ЦЕНТРАЛЕН ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ

Ја развива стратегијата на компанијата, ги поставува клучните приоритетни цели и го надгледува нивното спроведување. Ги следи оперативните активности и функционалните перформанси на фабриката, спроведувањето на буџетот, плановите за капитални расходи, безбедност и здравје, акциите за одржливост и сл., додека истовремено гарантира дека принципите, вредностите и програмите за усогласеност на Групацијата се интегрирани во секојдневните оперативни активности. Членови на Централниот одбор за управување се главниот извршен директор, техничкиот директор, менаџерот за финансии, менаџерот за продажба и менаџерот за човечки ресурси и корпоративна општествена одговорност. Тие се состануваат неделно за да ги разгледаат и да ги донесат оперативните решенија и одлуките за управување со ризици.

## КОМИТЕТ ЗА КРЕДИТНА КОНТРОЛА

Одговорен за процена и одобрување кредит, процена на купувачите, порамнување на долговите на купувачите, подмирување на долговите, кредитно следење и контрола, дефинирање одредби поврзани со кредитен ризик.

## ОДБОР ЗА КВАЛИТЕТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Одговорен за воспоставување Политика за квалитет и животна средина на компанијата и поставување на целите за квалитет и системот за животна средина. Одборот воедно ги спроведува внатрешните ревизии за квалитет и животна средина и врши прегледи на системот за квалитет и животна средина. Одборот за квалитет и животна средина ги идентификува еколошките аспекти и утврдува итни ситуации поврзани со заштитата на животната средина итн.

# Внатрешни ревизии и системи за управување

Сите процеси на усогласеност ги надгледува Секторот за внатрешна ревизија на Групацијата ТИТАН, кој, покрај внатрешната ревизија, е одговорен и за ризиците и усогласеноста. Внатрешната ревизија на Групацијата ТИТАН е независен сектор што директно известува до Одборот за ревизија и ризици.

Функциите на внатрешната ревизија вклучуваат надгледување на спроведувањето и усогласеноста со Интерната регулатива на компанијата, Кодексот на однесување, Статутот и применливите закони и известување до Одборот на директори за какви било ситуации на судир на интереси во врска со членовите на Управниот одбор или извршните директори на компанијата кон интересите на компанијата, бидејќи таквите ситуации може да се идентификуваат во рамките на внатрешната ревизија. Во согласност со програмата за управување со ризици од измама на Групацијата ТИТАН, Секторот за усогласеност и борба против измама на ТИТАН во 2020 година спроведе ревизија на Акциониот план на Извештајот за процена на ризици од измама во УСЈЕ, која беше направена во април 2019 година. Врз основа на мислењето на ревизијата, рамката за контрола на измами е подобрена во повеќе области, со што се намалува преостанатата изложеност на ризици од измама на прифатливо ниво. Извештајот на ревизорот потврди дека внатрешниост систем за контрола е добро поставен и соодветно управува со ризиците и обезбедува усогласеност со постојните законска и внатрешна рамка.

Во 2020 година внатрешната ревизија на Групацијата ТИТАН спроведе уште една ревизија во службата за набавки, вклучувајќи ја и Магацинската служба. Целиот процес на ревизија заврши на задоволително ниво.

Во текот на 2020 година имаше редовна внатрешна ревизија на интегрираниот Систем за квалитет и управување со животна средина, која се одржа во мај 2020 година. Целта и причината на ревизијата беше да се утврди функционирањето на интегрираните системи за управување со квалитетот и со животната средина и да се провери дали биле спроведени препораките дадени во текот на претходните ревизии. Во оваа ревизија не беа констатирани неусогласености и веднаш беа спроведени некои помали препораки дадени за подобрување од внатрешните ревизори.

# Надворешни ревизии

Ревизијата на финансиските извештаи на компанијата, Групацијата ТИТАН им ја довери на надворешните ревизори PriceWaterhouseCoopers. Одговорностите и овластувањата на надворешниот ревизор се ревизија на полугодишните и на годишните финансиски извештаи на компанијата.

# Вградување на одржливоста

Одржливоста е висок приоритет за УСЈЕ и е цврсто вградена во нашата стратегија преку редовно разгледување на сите материјални прашања за нашите засегнати страни, дефинирање соодветни активности и цели и спроведување релевантни еколошки и општествени политики. Политиката за корпоративна општествена одговорност има цел да ја вметне одржливоста во организацијата, а истовремено да поддржи подобра рамнотежа на долгорочните и на краткорочните интереси, приспособувајќи ги политиките и практиката на потребите и на приоритетите на локалниот пазар, и пренесување на одржливоста кон нашите добавувачи и засегнати страни. Се стремиме да ја подобриме нашата компанија и преку имплементација на сертифицирани системи што овозможуваат следење и известување за нашите резултати за одржливост.

# Нашите деловни партнери – купувачи и добавувачи

## Одржливост на синџирот на снабдување

Политиката за одржливост на УСЈЕ ги вклучува и нашите добавувачи, односно целокупниот синџир на снабдување. УСЈЕ работи со домашни и со меѓународни добавувачи и ние сме посветени на подобрување на безбедносните стандарди и подигнување на еколошката свест кај сите нив, особено кај оние што дејствуваат во области идентификувани како високоризични, какви што се одржување, услуги и активности во рудници.

Со цел да се увериме дека и преку синџирот на снабдување придонесуваме кон создавање позитивно влијание врз животната средина, општеството и економијата, нашата компанија воспостави процеси и практики што од нашите изведувачи бараат да ги почитуваат највисоките стандарди во областа на безбедноста и здравјето, борбата против корупцијата, животната средина, работните односи и човековите права.

Во 2020 година УСЈЕ продолжи да ги одржува силните врски со своите добавувачи, приспособувајќи се на условите наметнати од пандемијата.

Нашите етички деловни практики кон добавувачите се опишани во нашиот Кодекс на однесување, додека прирачникот за набавки ги регулира спецификите на нашиот процес на набавка.

Во обид да се подобри ефикасноста на набавките и одржливоста на синџирот на снабдување, УСЈЕ се потпира на тековниот процес на дигитална трансформација на Групацијата и обединувањето на дигиталните системи. Со тоа ќе се обезбедат дополнителни придобивки за нашите добавувачи, како и поголема точност во следењето на трошоците. Во 2020 година на добавувачите им беа исплатени вкупно 4.153 мил. денари.

Општи услови за нашите изведувачи и добавувачи:
https://www.usje.mk/media/a24hrcli/general_terms_for_procurement_of_goods.pdf

## Посветени на нашите купувачи

Бидејќи задоволството на купувачите е една од нашите корпоративни вредности, во 2020 година УСЈЕ спроведе голем број активности што дополнително придонесоа за оваа цел:

- Мобилната апликација TitanUp е модерна, лесна и ефикасна апликација за купувачите, дизајнирана да им овозможи да го креираат и да го следат процесот на испорака. Апликацијата обезбедува опции за креирање налози за набавка, извештаи за финансискиот и за материјалниот статус, за избор помеѓу сопствен и организиран превоз, како и за следење на процесот на товарење во реално време. Новото дигитално решение беше широко прифатено од голем број купувачи и се покажа како вистинска алатка во околностите создадени од пандемијата. Во јануари, само 15% од нарачките за утовар беа направени преку новата платформа, кои во декември 2020 година достигнаа 75%. Годишниот просек беше 45%.
- Нудиме стручни совети и едукација – Го проширивме продажниот тим со искусен градежен инженер, чија улога е да ги поддржи нашите купувачи во идентификување решенија што најдобро ќе одговараат на нивните потреби при подготовка на готов бетон, според бараните карактеристики. Исто така, УСЈЕ обезбедува бесплатни лабораториски испитувања на материјали за купувачите, воспоставување долгорочни односи и партнерства, како и едукација за предностите на готовиот бетон и бетонски елементи и промоција на нашите услуги и квалитет.
- Подобрено пакување и олеснета логистика – Направивме напори да го подобриме квалитетот на вреќите за цемент и најдовме решение за враќање на палетите. Го стимулиравме креирањето нарачки преку апликацијата TitanUp со воведување финансиски одобренија и избегнавме создавање редици и чекање за спроведување налози.
- УСЈЕ спроведе истражување за задоволството на купувачите и врз основа на одговорите од 140 анкетирани купувачи, ги имаме исполнето нивните потреби воведувајќи количински попуст, со што ја зголемивме конкурентноста на нашиот производ.

# Управување и контрола на ризици

Идентификацијата и процената на ризиците е составен дел од нашите процеси на управување што помага да се заштити долгорочната одржливост на нашите деловни активности.

Централниот одбор за управување е генерално одговорен за плановите за управување со ризиците на компанијата, за спроведување и за процена на нивната ефикасност секоја година преку системите за управување. Одборот на директори потврдува дека компанијата има воспоставено системи за внатрешна контрола и политики за управување со ризици и дека е информиран од главниот извршен директор и од извршниот член за нивната ефикасност. Механизмот што го гарантира интегритетот на финансиските извештаи на компанијата се состои од комбинација на воспоставени процеси за управување со ризици, применети активности за финансиска контрола, користена релевантна информатичка технологија и подготвени, соопштени и следени финансиски информации. Месечното следење на финансиските извештаи е клучен елемент на контролниот механизам за квалитетот и интегритетот на финансиските резултати.

# Антикорупциско управување

УСЈЕ ја усвои Политиката за борба против поткуп и корупција на Групацијата од 2017 година. Оваа политика има цел да ја зајакне свеста и да обезбеди усогласеност со соодветните правила за спречување поткуп и корупција. Таа се однесува на сите поединци што работат на сите нивоа, вклучително и директори, службеници и вработени во Групацијата ТИТАН, и од сите нив се очекува да ги применуваат највисоките стандарди за професионално и етичко однесување во сите околности.

Во 2020 година претставници на УСЈЕ учествуваа на онлајн обука на тема „Интегритет и заштита од корупција во деловниот сектор“, што е дел од проектот на ЕУ „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во јавниот и приватниот деловен сектор“. Овој проект е финансиран од Европската Унија, а го спроведуваат Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), „Конект“ и Здружението на даночни советници. Проектот и обуките се планира да продолжат и во 2021 година.

# Колективно преговарање и синдикално организирање

Групацијата ТИТАН активно ја промовира слободата на здружување на вработените и тоа над локалните законски барања. Ние ја признаваме важноста на синдикатите во подобрувањето на работните услови и заштитата на работничките права. Претставниците на Синдикатот во УСЈЕ имаат право да се состанат со раководството на УСЈЕ за да разговараат за нивните проблеми и да предложат подобрувања. Во ризичната пандемиска година, соработката со Синдикатот дури и се зајакна, со цел да се заштитат вработените и нивното здравје, како и да се подобрат условите за работа на нивните работни места.

| Вработени што се членови на синдикатот | | |
|---|---|---|
| Членови на синдикатот | Не | Да |
| Ж | 22 | 20 |
| М | 58 | 153 |
| Вкупно | 253 | |

УСЈЕ има активен и потпишан Колективен договор во 2020 година со Синдикатот

# Финансиски резултати



# Финансиски резултати

Цементарница УСЈЕ оствари одлични резултати во 2020 година, со стабилен и солиден учинок, дури и во време на ковид-криза. Во година на предизвици, порасна заработувачката (EBITDA) и беше зголемена ликвидноста на компанијата, додека пазарите покажаа отпорност на условите и охрабрувачки прогнози. Растот на EBITDA во 2020 година беше 20,10% во споредба со 2019 година.

| Промет | EBITDA | Нето-добивка по оданочување |
|---|---|---|
| 2019: **4.632 мил. МКД**<br>2020: **4.671 мил. МКД** | 2019: **1.547 мил. МКД**<br>2020: **1.858 мил. МКД** | 2019: **1.247 мил. МКД**<br>2020: **1.523 мил. МКД** |

| Капитални расходи | ROCE (EBIT/Употребен капитал) | Заработка по акција |
|---|---|---|
| 2019: **208 мил. МКД**<br>2020: **223 мил. МКД** | 2019: **46,70%**<br>2020: **56,17%** | 2019: **2.260 МКД**<br>2020: **2.702 МКД** |

## Обем на продажба

| Цемент | Готов бетон | Агрегати |
|---|---|---|
| 2019: **952.000 тони**<br>2020: **983.000 тони** | 2019: **62.000 $m^3$**<br>2020: **60.000 $m^3$** | 2019: **88.000 тони**<br>2020: **39.000 тони** |

# ESG известување



# ESG известување

Групацијата ТИТАН споделува информации во врска со резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување во согласност со доброволните обврски кон принципите на Меѓународниот совет за интегрирано известување (IIRC), на Глобалниот договор на ОН (UNGC) и на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA), засновани врз долгорочна практика на интеграција, што во овој извештај се нарекува Глобален секторски пристап. Од 2018 година, со цел за понатамошно усогласување на објавените резултати со Целите за одржлив развој (ЦОР) за 2030 година, ТИТАН го вклучи „Упатството за основните индикатори за компанијата што известува за придонесот кон остварување на целите за одржлив развој“ на Конференцијата за трговија и развој на Обединетите нации (УНКТАД, Издание од 2019 година) и ја промовираше поврзаноста на избраните индикатори со Целите за ЦОР врз основа на Упатството. Видете ја табелата „Дистрибуирана економска вредност“ (стр. 22) и табелата „Индекс на основни индикатори за создавање вредност“ (стр. 56).

Во извештајот за 2020 година, терминот „нефинансиски“ е заменет со „резултати во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG)“, бидејќи има пошироко разбирање и употреба од засегнатите страни и корисниците на годишниот извештај.

Рамката на Одборот за сметководствени стандарди за одржливост (SASB) беше искористена со цел да се поврзе Мапата за материјалност на SASB® со процената на материјалноста на Групацијата за 2020 година и дозволи усогласување помеѓу Групацијата и нејзините деловни единици. Во иста насока, Групацијата исто така започна да известува во согласност со Одборот за сметководствени стандарди за одржливост (SASB) за специфичните побарувања на индустриите претежно релевантни за нашето работење, за цел при известување за напредокот за сите други параметри за животната средина, освен $CO_2$, основната година е 2003 (кога ТИТАН првпат извести за консолидирани индикатори за нефинансиско работење). За емисиите на $CO_2$, основната година за релевантни цели е 1990 година, во согласност со Кјото протоколот.

Прегледот и извештаите на ESG резултатите се фокусираат на материјални прашања за работењето на ТИТАН и за клучните засегнати страни. Глобалниот секторски пристап на ТИТАН опфаќа објава на основните Индикатори за создавање вредност и управување, за општествените и еколошките резултати. Индикаторите се структурирани во четири одделни табели во „Извештаите за ESG резултатите“.

Извештаите за резултатите на Групацијата ТИТАН се структурирани според стандардите за известување на ТИТАН кои се усогласени со глобалните стандарди (UNGC, SDGs 2030, UNCTAD и SASB), како и со стандардите и рамките за известување за специфичните сектори (GCCA).

# Индекс на основни индикатори за создавање вредност

## Деталните бројки се дадени во Извештајот во точката „Дистрибуирана економска вредност“

1. Создадената и распределената економска вредност до клучните засегнати страни е пресметана со помош на „Упатството за основните индикатори на Обединетите нации – УНКТАД за субјектите што известуваат за придонесот кон остварувањето на целите на одржливиот развој“ (издание 2019).
2. Бруто-додадена вредност. Приходи минус трошоци за купени материјали, стоки и услуги (исто така наречена: Додадена вредност, според Упатството на УНКТАД, 2019). Пристапот на ТИТАН се заснова на проверени и објавени Финансиски извештаи за истиот период на известување, според МСФИ.
3. Нето-додадена вредност. Приход минус трошоци за купени материјали, стоки и услуги и минус амортизација на материјални средства (Упатство на УНКТАД, 2019). Пристапот на ТИТАН се заснова на проверени и обелоденети Финансиски извештаи за истиот период на известување, според МСФИ.
4. Вкупно трошок кон добавувачи, локални и меѓународни, за стоки и услуги. Според стандардите на ТИТАН и примената на МСФИ, видете Финансиски извештаи.
5. Даноци кон националните и локалните власти. Според стандардите на ТИТАН и примената на МСФИ, видете Финансиски извештаи.
6. Плаќања во готово, на акционери и на малцински сопственици. Според стандардите на ТИТАН и примената на МСФИ, видете Финансиски извештаи.
7. Вкупен трошок за донации и иницијативи за вклучување на заедниците. Вкупен износ на добротворни/доброволни донации и инвестиции на средства (и капитални трошоци и оперативни) во пошироката заедница каде што целните корисници се надворешни за претпријатието направен во извештајниот период, во апсолутен износ (Упатство на УНКТАД, 2019). ТИТАН ја објавува оваа сума како „Донации“, како еквивалентна на „добротворни/доброволни донации и инвестиции на средства“, на проверените и објавени Финансиски извештаи за истиот период на известување.
8. Зелена инвестиција. Вкупен износ на расходи (капитални и оперативни) за оние инвестиции чија примарна цел е спречување, намалување и елиминирање на загадувањето и други форми на деградација на животната средина (Упатство на УНКТАД, 2019).
9. Плати (придонеси за) пензии и социјални бенефиции, вклучително и дополнителни надоместоци над оние предвидени со закон. Според стандардите на ТИТАН и примената на МСФИ, видете Финансиски извештаи.
10. Инвестиции во обука на директни вработени. Вкупните трошоци, вклучително и директните и индиректните трошоци за обука на директните вработени (вклучително и трошоците какви што се хонорари за обучувачи, објекти за обука, опрема за обука, поврзани патни трошоци и сл.), објавени по вработен и годишно, и поделени по категорија вработени (УНКТАД Упатство, 2019).
11. Инвестиции за истражување и иновации. Вкупен износ на трошоци за истражување и развој (R&D) и иновации од страна на субјектот што известува за време на периодот на известување (Упатство на УНКТАД, 2019). Ги вклучува сите трошоци за активности за истражување и развој и иновации, и проекти, и вклучува плати, учества, патувања и други трошоци на нашите вработени што се поврзани директно и индиректно и други трошоци за промовирање иновативни технологии и производи. ТИТАН ги користи проверените и објавени Финансиски извештаи за истиот период на известување.
12. Капитални расходи. Капиталните расходи, попознати како CapEx, се средства што ги користи компанијата за стекнување, надградување и одржување физички основни средства какви што се имот, згради, индустриски погон, технологија или опрема.

# Индекс за резултатите во животната средина

| Резултати во животната средина | | Единица мерка | 2020 | 2019 | 2018 | SDGs и цели | Кодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Резултати од сите активности (според Секторскиот пристап на Групацијата ТИТАН)** | | | | | | | |
| **Локални влијанија** **Влијание на изворите на природни суровини** | **Ископани природни суровини (вкупно, влажни)** | мил. тони | **1,6** | **1,6** | **1,5** | | **EP01L** |
| | Суровини за произв. на клинкер и цемент | мил. тони | 1,5 | 1,4 | 1,4 | | **EP02L** |
| | Суровини за агрегати | мил. тони | 0,1 | 0,2 | 0,1 | | **EP03L** |
| | **Надворешно рециклирани отпадни материјали (вкупно, влажни)** | | **355** | **392** | **496** | **SDG 12 Цели 12.4 и 12.5** | **EP04L** |
| | Реупотребени | тони | 0 | 0 | 0 | | |
| | Рециклирани | тони | 355 | 392 | 496 | | |
| | Обновени | тони | 0 | 0 | 0 | | |
| **Влијание на водните ресурси** | **Потрошувачка на вода (вкупно)** | мил. $m^3$ | **0,34** | **0,30** | **0,12** | **SDG 6 Цели 6.3, 6.4 и 6.5** | **EP05L** |
| | **Употреба на вода (вкупно, според извор)** | мил. $m^3$ | **0,40** | **0,35** | **0,28** | | **EP06L** |
| | Подземна вода | мил. $m^3$ | 0,35 | 0,31 | 0,24 | | |
| | Општинска вода | мил. $m^3$ | 0,05 | 0,04 | 0,04 | | |
| | Дождовница | мил. $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | |
| | Површинска вода | мил. $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | |
| | Употребена вода од рудници (од одводнување на рудниците) | мил. $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | |
| | Океанска или морска вода | мил. $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | |
| | Отпадна вода | мил. $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | |
| | **Испуштање вода (вкупно, според крајна дестинација)** | мил. $m^3$ | **0,06** | **0,04** | **0,16** | | **EP07L** |
| | Површинска (реки, езера) | мил. $m^3$ | 0,01 | 0,01 | 0,13 | | |
| | Океанска или морска | мил. $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | |
| | Третман надвор од фабриката | мил. $m^3$ | 0,05 | 0,03 | 0,03 | | |
| **Влијание на биодиверзитетот и грижа за земјиштето** | **Активни рудници со проблеми во биодиверзитетот** | | 0 | 0 | 0 | **SDG 15 Цели 15.3, 15.4, 15.5, 15.9 и 15.a** | **EP08L** |
| | **Активни рудници со планови за управување со биодиверзитетот** | | - | - | - | | **EP09L** |
| | **Активни рудници со планови за управување со биодиверзитетот** | % | - | - | - | | **EP10L** |
| | **Локации со планови за рехаб. на рудници** | % | **42,9** | **50,0** | **50,0** | | **EP11L** |
| | **Рехабилитирани површини во рудници од вкупни под влијание (кумулативно)** | % | **23,8** | **-** | **-** | | **EP12L** |
| | **Активни локации со рудници (во целосна сопственост) со Систем за управување со животната средина (ISO14001 или слични)** | % | **100,0** | **100,0** | **90,0** | | **EP13L** |
| **Горива и енергија** **Влијание врз енергетските ресурси** | **Потрошувачка на термална енергија (вкупно)** | TJ | **2,835** | **2,696** | **2,732** | **SDG 7 Цел 7.2** | **EP14L** |
| | **Потрошувачка на ел. енергија (вкупно)** | TJ | **395** | **378** | **373** | | **EP15L** |

| Резултати во животната средина | | Единица мерка | 2020 | 2019 | 2018 | SDGs и цели | Кодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Резултати од активности поврзани со цемент (според Секторскиот пристап на Групацијата ТИТАН) | | | | | | | |
| **Климатски промени** **Влијание врз испуштање на стакленички гасови** | **Специфични бруто-директни емисии на $CO_2$** | kg/t Цементен производ | **671,4** | **657,7** | **669,6** | **SDG 9 Цел 9.4** | **EP16L** |
| | **Специфични нето-директни емисии на $CO_2$** | kg/t Цементен производ | **669,9** | **654,4** | **669,3** | | **EP17L** |
| | **Индиректни емисии на $CO_2$ (вкупно)** | мил. тони | **0,10** | **0,10** | **0,09** | | **EP18L** |
| **Алтернативни енергенси и материјали** | **Стапка на супституција со алтернативни горива** | %Топлинска основа | **1,6** | **3,5** | **0,5** | **SDG 7 Цели 7.2, 7.3 и 7.а** **SDG 12 Цел 12.2** | **EP19L** |
| | **Мешавина на биомаса во гориво** | %Топлинска основа | **0,9** | **2,0** | **0,4** | | **EP20L** |
| | **Соодност клинкер-цемент** | % | **73,84** | **72,78** | **72,96** | | **EP21L** |
| **Влијание врз енергетски ресурси** | **Потрошувачка на топлинска енергија** | | | | | | |
| | **Погони за цемент и мелници со придружни рудници** | TJ | **2,835** | **2,696** | **2,732** | | **EP22L** |
| | **Потрошувачка на алтернативни горива (вкупно)** | тони | **2,729** | **5,629** | **920** | | **EP23L** |
| | **Потрошувачка на електрична енергија (вкупно)** | | | | | | |
| | **Погони за цемент со придружни рудници** | GWh | **109,8** | **104,9** | **103,6** | | **EP24L** |
| **Локални влијанија** **Влијание врз изворите на природни суровини** | **Потрошувачка на материјали (вкупно, суви)** | мил. тони | **1,5** | **1,4** | **1,4** | **SDG 12 Цел 12.2** | **EP25L** |
| | Потрошувачка на екстрахирани (природни) суровини (суви) | мил. тони | 1,3 | 1,3 | 1,3 | | |
| | Потрошувачка на алтернативни суровини (суви) | мил. тони | 0,1 | 0,1 | 0,1 | | |
| | **Потрошувачка на алтернативни сурови (од вкупна потрошувачка на суровини)** | %Суво | **8,6** | **9,5** | **9,6** | | |
| | **Алтернативна супституција на суровини (врз основа на соодност меѓу клинкер и цемент)** | %Суво | **12,4** | **13,9** | **14,2** | | **EP26L** |
| **Влијание врз водните ресурси** | **Потрошувачка на вода (вкупно)** | мил. $m^3$ | **0,3** | **0,28** | **0,15** | **SDG 6 Цели 6.4 и 6.5** | **EP27L** |
| | **Рециклирана вода (вкупо)** | мил. $m^3$ | **1,3** | **1,30** | **1,42** | | **EP28L** |
| **Останати емисии во воздухот** | **Континуирано мерење на стапка на покриеност** | % | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **SDG 3 Цел 3.9** **SDG 9 Цел 9.4** | **EP29L** |
| | **Специфични емисии на прашина** | g/t Клинкер | **18,6** | **11,9** | **13,0** | | **EP30L** |
| | **Специфични емисии на $NO_x$** | g/t Клинкер | **1.241,9** | **1.175,6** | **1.236,3** | | **EP31L** |
| | **Специфични емисии на $SO_x$** | g/t Клинкер | **51,2** | **22,0** | **46,5** | | **EP32L** |

| Резултати во животната средина | | Единица мерка | 2020 | 2019 | 2018 | SDGs и цели | Кодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Резултати од сите активности - Детален опис во врска со материјали, горива и отпад | | | | | | | |
| Влијание врз горивата и енергетските ресурси | **Мешавина на горива, потрошувачка на енергија за производство на клинкер и цемент** | %Топл. основа | **100,0** | **100,0** | **100,0** | | **EP33L** |
| | **Конвенционални фосилни горива** | %Топл. основа | **98,4** | **96,6** | **99,5** | | **EP34L** |
| | Јаглен, антрацит и отпаден јаглен | %Топл. основа | 5,7 | 82,3 | 88,9 | | |
| | Петрол кокс | %Топл. основа | 83,8 | 4,2 | 0,0 | | |
| | Лигнит | %Топл. основа | 4,2 | 5,3 | 5,1 | | |
| | Други цврсти фосилни горива | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | Природен гас | %Топл. основа | 4,6 | 2,6 | 2,2 | | |
| | Мазут (ултра) | %Топл. основа | 0,1 | 2,2 | 3,3 | | |
| | Дизел | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | Бензин, ТНГ (течен нафтен гас или течен пропан гас) | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | **SDG 7 Цел 7.2** | |
| | **Алтернативни фосилни и мешани горива** | %Топл. основа | **1,2** | **3,0** | **0,3** | **SDG 12 Цел 12.2** | **EP35L** |
| | Гуми | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | RDF вклучувајќи пластика | %Топл. основа | 1,2 | 3,0 | 0,3 | | |
| | Импрегнирани струготини | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | Мешан индустриски отпад | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | Други фосилни и мешани отпади (цврсти) | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | **Биомаса** | %Топл. основа | **0,3** | **0,5** | **0,2** | | **EP36L** |
| | Сушен канализациски мил | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | Дрво, неимпрегнирани струготини | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | Земјоделски, органски, пеленски отпад, јаглен | %Топл. основа | 0,3 | 0,5 | 0,2 | | |
| | Друго | %Топл. основа | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| Управување со отпад | **Отстранување на отпадот (вкупно, влажен)** | тони | **596** | **693** | **703** | | **EP37L** |
| | Неопасен отпад | тони | 546 | 612 | 636 | | |
| | Опасен отпад | тони | 50 | 80 | 67 | | |
| | **Отстранување на отпадот, според дестинација-употреба (влажен)** | %Според маса | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **SDG 12 Цели 12.4 и 12.5** | **EP38L** |
| | Реупотребен | %Според маса | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | Рециклиран | %Според маса | 59,5 | 56,6 | 70,5 | | |
| | Обновен (вклучувајќи обнова на енергија) | %Според маса | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | Инсинерација | %Според маса | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | |
| | Депониран | %Според маса | 40,2 | 43,2 | 28,9 | | |
| | Останато (вклучувајќи складирање) | %Според маса | 0,3 | 0,3 | 0,6 | | |

| Резултати во животната средина | | Единица мерка | 2020 | 2019 | 2018 | SDGs и цели | Кодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4. Резултати од сите активности - Инвестиции во животната средина** | | | | | | | |
| | **Трошоци за животна средина во сите активности** | мил. евра | **0,44** | **0,61** | **1,05** | | **EP39L** |
| | Управување со животната средина | мил. евра | 0,03 | 0,04 | 0,02 | **SDG 7 Цел 7.б SDG 9 Цел 9.4** | |
| | Пошумување | мил. евра | 0,07 | 0,09 | 0,10 | | |
| | Рехабилитација | мил. евра | 0,04 | 0,02 | 0,03 | | |
| | Обука за животната средина и градење на свеста | мил. евра | 0,01 | 0,00 | 0,00 | | |
| | Примена на еколошки технологии | мил. евра | 0,19 | 0,34 | 0,80 | | |
| | Управување со отпад | мил. евра | 0,10 | 0,12 | 0,10 | | |

## Белешки за надворешна верификација, стандарди и упатства

- Стандарди: Стандардите за известување во рамки на секторскиот пристап на ТИТАН, имено GCCA, UNGC и UNCTAD.
- Упатства: ТИТАН ги следи Упатствата за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон - GCCA и Упатствата за одржливост за следење и известување на емисии на $CO_2$ од процесот на производство на цемент, ко-производство на горива и суровини, следење и известување за емисии, следење и известување за водата што се користи во производството на цемент и рехабилитација на рудници и управување со биодивиерзитет (за сите документи важи референцата кон последно објавената верзија во 2019 или 2020). Горенаведените Упатства во 2020 ги наследија претходните - и соодветни – Упатства на Светскиот деловен форум за одржлив развој/Иницијатива за одржливост на цементот, кои претставуваа водич за мерење, известување и верификација на еколошката успешност до (вклучувајќи ја) 2018 година.  За стандардите на Секторот, видете детали во Табелата на стр.61.

## Белешки за специфични Индикатори за еколошка успешност

1. Со вклучени активни рудници, кои содржат или се блиску до области за кои е утврдено дека имаат големо значење во однос на биолошката разновидност. Види и Табела на стр.61.
2. Локации со големо значење за биолошката разновидност каде што активно се спроведуваат планови за управување со биолошката разновидност. Види Табела на стр.61..
3. Покриеноста вклучува и рудници кои се во непосредна близина на фабрики за цемент, како и рудници за производство на агрегати.
4. Нови индикатори
   - Рехабилитирани површини во рудници од вкупната површина што е под влијание (кумулативно)
     Покриеноста ги опфаќа сите рудници со кои управува ТИТАН. Овој индикатор се пресметува како процент од површините од рудниците кои се под влијание и кои биле рехабилитирани (вкупно и рехабилитирани), збирно на ниво на Деловна Единица. Според пристапот на ТИТАН, овој индикатор е комплементарен со индикаторот што се употребува за Влијание врз биодиверзитетот и заштита на земјиштето во оваа Табела, имено: „Локации со планови за рехабилитација на рудници“ и „Активни рудници со планови за управување со биодиверзитетот“. Споделувањето на податоците почна во 2020.
   - Рециклирана вода (вкупно)
     Овој индикатор се пресметува  во согласност со Упатствата за одржливост за следење и известување на вода во индустријата за цемент на Глобалната асоцијација за цемент и бетон
5. Индиректните емисии на $CO_2$ се однесуваат на емисии што се испуштаат при призводството на електрична енергија што се користи во објектите на ТИТАН. За нивна пресметка користиме фактори за емисиите утврдени од добавувачот на електрична енергија или други јавно достапни извори на податоци.
6. Односот на биомаса кореспондира со процентот на вкупно потрошена термална енергија што потекнува од обновливи извори на енергија.
7. Дефиницијата за Трошоци за животна средина за сите активности е еквивалентна на дефиницијата за Зелени инвестиции.

## Секторски стандарди

| Секторска асоцијација или иницијатива | Насоки и други референтни документи | Година на објавување на документот |
|---|---|---|
| **Глобална асоцијација за цемент и бетон (GCCA)** | Повелба за одржливост | Последна верзија објавена во 2019 или 2020 |
| | Рамковни упатства за одржливост | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за безбедноста во производството на цемент. Во рамки на GCCA е договорено примената на овој документ да се прошири и на бетонот и други поврзани активности [**Столб 1**] | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за емисиите на $CO_2$ од процесот на производство на цемент [**Столб 2**] | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за водата што се користи во процесот на производство на цемент [**Столб 4**] | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за емисиите од процесот на производство на цемент [**Столб 4**] | |
| | Упатства за одржливост за ко-производство на горива и суровини во процесот на производство на цемент [**Столб 5**] | |
| | Упатства за одржливост за рехабилитација на рудници и управување со биодиверзитетот [**Столб 5**] | |
| **(Претходно) Светски деловен форум за одржлив развој/ Иницијатива за одржливост на цементот** | Упатства за проценка на еколошкото и социјалното влијание | 2016 |
| | Препорачани добри практики за: (а) Безбедност на изведувачи и (б) Безбедно возење | 2009 |

Белешки:

1. Повелбата за одржливост на GCCA е заснована на пет (5) столбови за одржливост
Столб 1: Безбедност и здравје, Столб 2: Климатски промени и енергија, Столб 3: Општествена одговорност, Столб 4: Животна средина и природа и Столб 5: Циркуларна економија
2. ТИТАН беше активен учесник во пет (5) работни групи во рамки на активностите на GCCA во 2020:
РГ1. Здравје и безбедност во индустриите за цемент и бетон, РГ2. Лидерство и политики за цемент и бетон, РГ4. Мапа за бетонот до 2050, РГ5. Иновации во цементот и бетонот, и РГ6. Добри практики и основни параметри

| Употреба на природни суровини (%) | Единица | 2020 година | % |
|---|---|---|---|
| Лапорец | т/г Влажни | 923.140 | 61,11% |
| Варовник | т/г Влажни | 479.694 | 31,76% |
| Песок | т/г Влажни | 42.851 | 2,84% |
| Гипс | т/г Влажни | 39.570 | 2,62% |
| Природни позолани | т/г Влажни | 25.343 | 1,68% |
| Вкупно (влажна основа) | т/г Влажни | 1.510.598 | 100,00% |

| Употреба на алтернативни суровини (%) | Единица | 2020 | % |
|---|---|---|---|
| Сува летечка пепел | т/г Влажни | 122.185 | 96,8% |
| Пиритна пепел | т/г Влажни | 3.537 | 2,8% |
| $FeSO_4*H_2O$ | т/г Влажни | 448 | 0,4% |
| Вкупно | т/г Влажни | 126.170 | 100% |




**Употреба на природни суровини (%)**




**Употреба на алтернативни суровини (%)**

# Индекс за резултатите во придонесот кон општеството

| Клучни индикатори на успешноста на УСЈЕ | | 2020 | 2019 | 2018 | SDGs и цели | Кодови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Здравје и безбедност** | **Резултати за сите активности според Глобалниот секторски пристап на ТИТАН** | | | | | |
| | Смртни случаи на вработени | 0 | 0 | 0 | **SDG 3; Цели 3.6 и 3.8** **SDG 4; Цел 4.3** | **SP01L** |
| | Стапка на смртност кај вработените | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | **SP02L** |
| | Смртни случаи кај изведувачи | 0 | 0 | 2 | | **SP03L** |
| | Смртни случаи кај трети страни | 0 | 0 | 0 | | **SP04L** |
| | Повреди на работници со изгубено работно време (LTIs) | 1 | 1 | 2 | | **SP05L** |
| | Стапка на зачестеност на повреди на работници со изгубено работно време (LTIFR) | 2,47 | 2,27 | 4,23 | | **SP06L** |
| | Изгубени работни денови на вработени | 147 | 15 | 72 | | **SP07L** |
| | Стапка на сериозност на повреди на вработените | 363,40 | 33,98 | 152,29 | | **SP08L** |
| | Изгубени работни часови кај изведувачи поради повреди (LTIs) | 1 | 2 | 3 | | **SP09L** |
| | Стапка на изгубени работни часови поради повреди кај изведувачи (LTIFR) | 1,80 | 3,70 | 6,57 | | **SP10L** |
| | **Водечки показатели за резултати од сите активности** | | | | | |
| | За малку избегнати незгоди | 19 | 21 | 30 | **SDG 8; Цел 8.8** | **SP11L** |
| | Работни часови за обука за здравје и безбедност по вработен | 5,34 | 14,39 | 14,69 | | **SP12L** |
| | Работни часови за обука за здравје и безбедност по изведувач | 1,99 | 5,96 | 3,99 | | **SP13L** |
| | Трошоци за здравје и безбедност на вработените (евра) | 551.439 | | | | **SP14L** |

Индекс за социјална успешност

| | Клучни индикатори на успешноста на УСЈЕ | 2020 | 2019 | 2018 | SDGs и цели | Кодови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вработување** | **Број на вработени заклучно со 31 декември** | **253** | **244** | **258** | | **SP15L** |
| | **Обрт на вработени (%)** | **9,09%** | **13,11%** | **10,08%** | | **SP16L** |
| | Заминати вработени | 23 | 32 | 26 | | **SP17L** |
| | **Нови вработувања (%)** | **13,04%** | **8,20%** | **3,49%** | | **SP18L** |
| | Нови вработувања | 33 | 20 | 9 | | **SP19L** |
| | **Нови вработувања по возрасна група** | | | | | **SP20L** |
| | Под 30 години | 10 | 9 | 2 | | |
| | Помеѓу 30-50 години | 20 | 11 | 6 | | |
| | Над 50 години | 3 | 0 | 1 | | |
| | **Нови вработувања по пол** | | | | | **SP21L** |
| | Жени | 6 | 4 | 5 | | |
| | Мажи | 27 | 16 | 4 | | |
| | **Вработувања по возрасна група** | | | | | **SP22L** |
| | Под 30 години | 26 | 21 | 21 | **SDG 5; Цели: 5.1, 5.4, и 5.5** | |
| | Помеѓу 30-50 години | 118 | 100 | 96 | | |
| | Над 50 години | 109 | 123 | 147 | | |
| | **Вработување по тип** | | | | **SDG 8; Цели: 8.5, 8.6, и 8.8** | **SP23L** |
| | На неопределено време | 214 | 221 | 264 | | |
| | На определено време | 5 | 0 | 0 | | |
| | Привремено | 34 | 23 | 0 | **SDG 10; Цел 10.3** | |
| | **Вработување по категорија** | | | | | **SP24L** |
| | Менаџери | 19 | 18 | 22 | | |
| | Највисоко ниво на менаџери | 4 | 2 | 5 | | |
| | Администрација/технички кадар | 62 | 55 | 88 | | |
| | Полуквалификувани/неквалификувани работници | 168 | 169 | 148 | | |
| | **Вработување по пол** | | | | | **SP25L** |
| | Жени | 42 | 40 | 40 | | |
| | Мажи | 211 | 204 | 224 | | |
| | **Учество на жените во вработувањето (%)** | **16,60%** | **16,39%** | **15,15%** | | **SP26L** |
| | **Учество на жените во управувањето (%)** | **21,74%** | **25,00%** | **25,93%** | | **SP27L** |
| | **Учество на жените на високи менаџерски позиции (%)** | **0,00%** | **0,00%** | **20,00%** | | **SP28L** |
| | **Вработени од локалната заедница (%)** | **28,85%** | **30,74%** | **30,68%** | | **SP29L** |
| | **Вработени членови на синдикат (%)** | **68,38%** | **70,49%** | **75,97%** | | **SP30L** |

| Индекс за социјална успешност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Клучни индикатори на успешноста на УСЈЕ | | 2020 | 2019 | 2018 | SDGs и цели | Кодови |
| **Развој на вработени** | **Инвестиција за обука по вработен (евра)** | **98** | **157** | **152** | | **SP31L** |
| | **Инвестиција за обука по пол (евра)** | 23.005 | 41.022 | 40.081 | | **SP32L** |
| | Жени | 5.628 | 6.616 | 18.023 | | |
| | Мажи | 17.377 | 34.406 | 22.058 | | |
| | **Обучени вработени** | **234** | **262** | **264** | | **SP33L** |
| | **Учество на обучени вработени (% во вкупната работна сила)** | **92%** | **100%** | **100%** | | **SP34L** |
| | **Учество на обучени жени вработени (% во вкупно вработени жени)** | **92.86%** | **100%** | **100%** | | **SP35L** |
| | **Обучени вработени по категорија** | | | | | **SP36L** |
| | Менаџери | 21 | 19 | 22 | | |
| | Највисоко ниво на менаџери | 2 | 2 | 5 | | |
| | Администрација / технички кадар | 61 | 59 | 87 | | |
| | Полуквалификувани/неквалификувани работници | 150 | 182 | 150 | **SDG 4; Цели: 4.3, 4.4, и 4.5** | |
| | **Обучени вработени по возрасна група** | | | | | **SP37L** |
| | Под 30 години | 26 | 21 | 21 | | |
| | Помеѓу 30-50 години | 113 | 100 | 96 | **SDG 5; Цели: 5.1, и 5.5** | |
| | Над 50 години | 95 | 123 | 147 | | |
| | **Часови за обука** | **7.009** | **9.975** | **10.431** | **SDG 8; Цел 8.5** | **SP38L** |
| | **Просечно време на обука по вработен и анализа според пол** | **28** | **41** | **40** | | **SP39L** |
| | Просечно жени | 50 | 63 | 64 | **SDG 10; Цели: 10.2, и 10.3** | |
| | Просечно мажи | 23 | 37 | 35 | | |
| | **Часови за обука по тема** | | | | | **SP40L** |
| | Запознавање со компанијата | 845 | 1.072 | n/a | **SDG 16; Цел 16.5** | |
| | Усогласеност (претходно: Кодекс на однесување на Групацијата ТИТАН) | 376 | 134 | 231 | | |
| | Корпоративна општествена одговорност и Одржливост (претходно: Човекови права) | 32 | 477 | 0 | | |
| | Дигитализација | 507 | 821 | n/a | | |
| | Животна средина (претходно: Животна средина: грижа и системи на управување) | 841 | 755 | 312 | | |
| | Странски јазици | 352 | / | / | | |
| | Функционална компетентност (претходно: Нетехнички вештини и специјализација) | 292 | 540 | 1.000 | | |
| | Општа компетентност (претходно: Нетехнички вештини и специјализација) | 16 | 491 | 745 | | |
| | Здравје и безбедност | 1.319 | 3.579 | 3.873 | | |
| | Управувачки вештини (претходно: Управување и управувачки вештини) | 154 | 722 | 211 | | |
| | Други | 1.628 | 86 | 712 | | |
| | Обезбедување | 18 | / | / | | |
| | Техничко знаење (претходно: Техничко знаење и суштински компетенции) | 629 | 1.298 | 3.347 | | |

| Индекс за социјална успешност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Клучни индикатори на успешноста на УСЈЕ** | | **2020** | **2019** | **2018** | **SDGs и цели** | **Кодови** |
| **Вклучување на засегнати страни** | **Донации (евра)** | **140.109** | **291.006** | **130.257** | **SDG 2; Цели 2.1, and 2.3 SDG 4; Цели: 4.3, и 4.4 SDG 8; Цели: 8.5, и 8.6 SDG 9; Цели: 9.1, и 9.5 SDG 11; Цел 11.4 SDG 16; Цел 16.5 SDG 17; Цел 17.17** | **SP41L** |
| | Донации во готово (евра) | 0 | 182.697 | 12.645 | | **SP42L** |
| | Донации во производи/услуги (евра) | 140.109 | 108.309 | 117.612 | | **SP43L** |
| | **Практиканти** | **9** | **33** | **43** | | **SP44L** |
| | **Нови основни работни места од практиканти/стажанти** | **5** | **1** | **2** | | **SP45L** |
| | **Потрошено на локално ниво (%)** | **62,21%** | **57,57%** | | **SDG 9; Цел 9.3** | **SP46L** |

## Белешки за надворешната верификација, стандарди и упатства

- Стандарди: Стандарди за известување според Глобалниот секторски пристап на ТИТАН, имено GCCA, UNGC и UNCTAD.
- Упатство: ТИТАН ги следи Рамковните насоки за одржливост на GCCA и Упатствата за одржливост за следење и известување за безбедноста во производството на цемент и бетон (последно издание во февруари 2020 година). Овој документ е договорен во рамките на GCCA да ја прошири примената на бетон и други поврзани активности. За стандардите на Секторот, видете детали во Табелата на стр.67.

## Белешки за поединечните Индикатори за социјалната успешност

1. Податоците за избегнатите несреќи претставуваат збир на податоците што се однесуваат на директните вработени и на изведувачите. Ова треба да е јасно за сите вклучени во социјалната успешност и е во релација со последниот ревидиран и споделен Водич за безбедност и здравје од страна на Секторот за корпоративни работи на Групацијата.
2. Клучните индикатори на успешноста за затворање на извептајниот период 2020 година, во согласност со практиката за сите податоци за безбедност, се пресметани врз основа на 'просечен' број на вработени (Види белешка 3). Ова е во согласност со сите години пред 2020 година
3. Релевантните информации не се достапни за специфичните години означени како „n/a". Конкретно за новиот индикатор „Трошоци за здравје и безбедност": ТИТАН започна пристап и методологија на ниво на Групација за прв пат во 2020 година, следејќи го „Упатството за основните индикатори за известување на субјектот за придонесот кон остварувањето на целите на одржлив развој" (2019) на UNCTAD и надоградувајќи на сопствената сила и техничкиот капацитет на внатрешните системи. Напорите беа координирани од Одделот за безбедност и здравје на Групацијата, и проектот беше распространет во сите деловни единици низ целата Групација со постојани правила. Собирањето на податоци опфати 4 категории на трошоци: (1) Потрошен материјал (ЈПП и сл.), (2) Обука за БЗР и градење на свест, (3) Објекти (трошоци на инфраструктура) и (4) Управување со БЗР. Информациите беа обезбедени со употреба на внатрешниот систем за собирање податоци на Групацијата. Споредливи бројки за овој индикатор не се достапни за годините пред 2020 година.
4. Клучнот индикатор на успешноста е пресметан врз основа на „просечниот" број на вработени за 2018 година. Почнувајќи од 2019 година, поединечните индикатори се пресметуваат врз основа на бројот на вработени на 31 декември.
5. Клучните индикатори на успешноста засновани врз новата дефиниција на Групацијата ТИТАН (според Поимникот за одржливост и упатствата за социјални перформанси, изд. 2019). Бројките за индикаторите „Удел на обучени жени-вработени" и „Часови за обука по предмет" беа прилагодени со повторна пресметка за годините пред 2019 година, со цел да се искажат резултатите според новата дефиниција. Бројките за индикаторот „Удел на обучени жени вработени (вкупно жени вработени)" кој беше пресметан над 100% (заради промените во бројот на вработени жени или други причини) треба да биде изразен како 100%.
6. За дефинициите на: „Трошоци за здравје и безбедност на вработените", „Инвестиции во обука", „Донации" и „Локални трошоци" видете „Поимник" (задолжително). Посебно да се обрати внимание на „Локалните трошоци": ТИТАН започна подобрена методологија во 2019 година, следејќи го пристапот на UNCTAD (види Поимник), и се потпира на сопствената сила и техничкиот капацитет на внатрешните системи (координирани од Групните набавки). Се подразбира дека споредливи бројки за Локалното трошење не беа достапни во годините пред 2019 година.

## Секторски стандарди

| Секторска асоцијација или иницијатива | Насоки и други референтни документи | Година на објавување на документот |
| --- | --- | --- |
| **Глобална асоцијација за цемент и бетон (GCCA)** | Повелба за одржливост | Последна верзија објавена во 2019 или 2020 |
| | Рамковни упатства за одржливост | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за безбедноста во производството на цемент. Во рамки на GCCA е договорено примената на овој документ да се прошири и на бетонот и други поврзани активности [**Столб 1**] | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за емисиите на $CO_2$ од процесот на производство на цемент [**Столб 2**] | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за водата што се користи во процесот на производство на цемент [**Столб 4**] | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за емисиите од процесот на производство на цемент [**Столб 4**] | |
| | Упатства за одржливост за ко-производство на горива и суровини во процесот на производство на цемент [**Столб 5**] | |
| | Упатства за одржливост за рехабилитација на рудници и управување со биодиверзитетот [**Столб 5**] | |
| **(Претходно) Светски деловен форум за одржлив развој/ Иницијатива за одржливост на цементот** | Упатства за проценка на еколошкото и социјалното влијание | 2016 |
| | Препорачани добри практики за: (а) Безбедност на изведувачи и (б) Безбедно возење | 2009 |

Белешки:

1. Повелбата за одржливост на GCCA е заснована на пет (5) столбови за одржливост
Столб 1: Безбедност и здравје, Столб 2: Климатски промени и енергија, Столб 3: Општествена одговорност, Столб 4: Животна средина и природа и Столб 5: Циркуларна економија
2. ТИТАН беше активен учесник во пет (5) работни групи во рамки на активностите на GCCA во 2020:
РГ1. Здравје и безбедност во индустриите за цемент и бетон, РГ2. Лидерство и политики за цемент и бетон, РГ4. Мапа за бетонот до 2050, РГ5. Иновации во цементот и бетонот, и РГ6. Добри практики и основни параметри

# Известување за напредокот

## Посветеност кон Глобалниот договор на ОН

Мрежата на Глобалниот договор на ОН во Северна Македонија е основана во 2004 година. УСЈЕ е член на локалната мрежа на Глобалниот договор на ОН од 2008 година. Почнувајќи од 2009 година, како активна членка на Глобалниот договор на ОН, УСЈЕ редовно издава годишни извештаи за одржливост во тек на 12 години и ги објавува на веб-страницата на Глобалниот договор на ОН. УСЈЕ се придржува до сите барања утврдени со иницијативата за Глобалниот договор на Обединетите нации, на кои ТИТАН е посветен и на ниво на Групација и на локално ниво.

„10 начела на Глобалниот договор на ОН – Индекс на известувањето на напредокот“ ги содржи следниве три елементи:

1. Изјава на главниот извршен директор за континуираната поддршка на Глобалниот договор на ОН и неговите Десет начела.

2. Опис на дејства и/или директно повикување на релевантните политики што се однесуваат на човекови права, труд, животна средина и борба против корупција.

3. Оваа година мерењето на резултатите е опфатено со директно поврзување на Индексниот систем за преглед и следење на резултатите за одржливост, односно двете табели од прилозите за Индексот на клучните индикатори на успешноста:

   а. Индексот за резултатите во животната средина од Клучните индикатори на успешноста (EP KPIs) и

   б. Индексот за резултатите во придонесот кон општеството од Клучните индикатори на успешноста (SP KPIs).

Во табелата што следува, Индексниот систем за резултати се поврзува со 10-те начела на Глобалниот договор на ОН и заложбите на УСЈЕ. Воедно има и обележани содржини и страници што се дел од Извештајот. Табелата не е исцрпна и се осврнува единствено на главните точки по важност.

| Област на ГДОН | Сродно/и начело/а на Глобалниот договор на Обединетите нации | Нашите заложби | Повикување во Извештајот за корпоративна општествена одговорност и одржливост на ТИТАН УСЈЕ за 2020 година |
|---|---|---|---|
| Човекови права | **Начело 1:** Бизнисите треба да ја поддржуваат и да ја почитуваат заштитата на меѓународно прогласените човекови права во рамките на нивниот домен на влијание.<br><br>**Начело 2:** Бизнисите треба да се уверат дека не се учесници во никакви злоупотреби на човековите права. | а. Корпоративни вредности на ТИТАН<br>б. Кодекс на однесување на Групацијата ТИТАН<br>в. Политика за КОО на Групацијата ТИТАН<br>г. Кодекс на однесување за набавки на Групацијата ТИТАН<br>д. Рамка за управување со луѓе на ТИТАН<br>ѓ. Политика за безбедност и здравје при работа и упатства на ТИТАН<br>е. Политика против поткуп и корупција на Групацијата ТИТАН<br>ж. Политики на ТИТАН УСЈЕ | **СТРАТЕШКИ ПРЕГЛЕД:** Нашите вредности (стр.18), Нашата управувачка структура (стр.47), Осигурување на фер конкуренција и борба против корупцијата (стр.51), Фокус на материјалните прашања (стр.23-27).<br>**ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТА** Создавање вредности (стр.22).<br>**БЕЗБЕДНОСТ и ЗДРАВЈЕ:** Упатства за безбедност и здравје на Групацијата и воспоставени системи (стр.37-38, 48) и SP KPIs (SP01L-SP14L).<br>**РАЗВОЈ НА ЛУЃЕ:** Рамка за управување со луѓе на ТИТАН, Поттикнување на човековите права и еднакви можности (стр.41-43) и SP KPIs (SP15L-SP40L).<br>**ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ:** (стр.44-46) и SP KPIs (SP41L-SP44L).<br>**ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ:** Подобрување на севкупната успешност на добавувачите во согласност со Стандардите на ТИТАН (стр.50).<br>**ESG РЕЗУЛТАТИ:** Индекс за показатели за животна средина од Клучните индикатори на успешноста (EP KPIs) и Индекс за општествена успешност од Клучните индикатори на успешноста (SP KPIs). SP KPIs Индексот ги вклучува и KPIs за безбедност и здравје. |
| Стандарди за труд | **Начело 3:** Бизнисите треба да ја поддржуваат слободата на здружување и ефективното признавање на правото на колективно договарање.<br><br>**Начело 4:** Бизнисите треба го поддржат елиминирањето на сите облици на принудна и обврзувачка работа.<br><br>**Начело 5:** Бизнисите треба да го поддржат ефективното укинување на детскиот труд.<br><br>**Начело 6:** Бизнисите треба да го поддржат елиминирањето на дискриминацијата во однос на вработувањето и занимањето. | а. Корпоративни вредности на ТИТАН<br>б. Кодекс на однесување на Групацијата ТИТАН<br>в. Политика за КОО на Групацијата ТИТАН<br>г. Кодекс на однесување за набавки на Групацијата ТИТАН<br>д. Рамка за управување со луѓе на ТИТАН<br>ѓ. Политика за безбедност и здравје при работа и упатства на ТИТАН<br>е. Политика против поткуп и корупција на Групацијата ТИТАН<br>ж. Политики на ТИТАН УСЈЕ | **СТРАТЕШКИ ПРЕГЛЕД:** Нашите вредности (стр.18), Нашата управувачка структура (стр.47), Осигурување на фер конкуренција и борба против корупцијата (стр. 51), Фокус на материјалните прашања (стр.23-27).<br>**ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТА:** ESG резултати (стр.30-51), Создавање вредности (стр.22).<br>**БЕЗБЕДНОСТ и ЗДРАВЈЕ:** Упатства за безбедност и здравје на Групацијата и воспоставени системи (стр.37-38, 48) и SP KPIs (SP01L-SP14L).<br>**РАЗВОЈ НА ЛУЃЕ:** Рамка за управување со луѓе на ТИТАН, Човекови права и еднакви можности, Обезбедување трудови права и слобода на здружување, Стандарди за вработени на Групацијата ТИТАН, Придобивки за вработените, Програми за надомест и социјална помош (стр.41-43) и SP KPIs (SP15L-SP40L)<br>**ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ:** (стр.44-46) и SP KPIs (SP41L-SP44L).<br>**ESG РЕЗУЛТАТИ:** Индекс за резултати во придонесот кон општеството од Клучните индикатори на успешноста (SP KPIs). SP KPIs Индексот ги вклучува и KPIs за безбедност и здравје. |
| Животна средина | **Начело 7:** Бизнисите треба да поттикнуваат пристап на претпазливост во однос на еколошките предизвици.<br><br>**Начело 8:** Бизнисите треба да преземат иницијативи за поттикнување поголема еколошка одговорност.<br><br>**Начело 9:** Бизнисите треба да го поттикнуваат развојот и распространетоста на еколошко подобни технологии. | а. Корпоративни вредности на ТИТАН<br>б. Кодекс на однесување на Групацијата ТИТАН<br>в. Политика за КОО на Групацијата ТИТАН<br>г. Политика за животна средина на Групацијата ТИТАН и Политики на ТИТАН УСЈЕ | **СТРАТЕШКИ ПРЕГЛЕД:** Нашите вредности (стр.18), Нашата управувачка структура (стр.47), Сертифицирани системи на управување.<br>**ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТА:** ESG резултати (стр.30-51), Создавање вредности (стр.22).<br>**ЕКОЛОШКА УСПЕШНОСТ:** (стр.30-35) и EP KPIs (EP01L-EP39L).<br>**ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ:** Фокусирање на локален развој (стр.44-46), SP KPIs (SP41L-SP44L).<br>**ESG РЕЗУЛТАТИ:** Индекс за показатели за животна средина од Клучните индикатори на успешноста (EP KPIs) и Индекс за општествена успешност од Клучните индикатори на успешноста (SP KPIs). SP KPIs Индексот ги вклучува и KPIs за безбедност и здравје. |
| Антикорупција | **Начело 10:** Бизнисите треба да работат против корупцијата во кој и да е облик, вклучувајќи изнуда и поткуп. | а. Корпоративни вредности на ТИТАН<br>б. Кодекс на однесување на Групацијата ТИТАН<br>в. Политика за КОО на Групацијата ТИТАН<br>г. Кодекс на однесување за набавки на Групацијата ТИТАН<br>д. Политики на ТИТАН УСЈЕ | **СТРАТЕШКИ ПРЕГЛЕД:** Нашите вредности (стр.18), Нашата управувачка структура (стр.47), Осигурување на фер конкуренција и борба против корупцијата (стр.51), Фокус на материјалните прашања (стр.23-27).<br>**ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ:** Подобрување на севкупната успешност на добавувачите во согласност со Стандардите на ТИТАН (стр.50). |

# Усогласеност и длабинска анализа, политики на УСЈЕ

Компанијата е посветена на највисоките принципи на управување, постојано трудејќи се да ги унапреди резултатите во корпоративното управување и промовирајќи транспарентност, одржливост и создавање долгорочна вредност. Програмите за етичко однесување и усогласеност при нашето работење, обезбедуваат интегрирање на принципите и на вредностите на Групацијата во секојдневното работење и зајакнување на културата на управување со ризици во компанијата. Ефективноста на спроведените системи и политики се разгледува систематски од Извршниот одбор на Групацијата ТИТАН, вклучително и во однос на усогласеноста со релевантните стандарди на Групацијата.

Преку здраво корпоративно управување, УСЈЕ има за цел да осигури дека секоја раководна одлука е во согласност со нашата цел и основните вредности, ги зема предвид принципите за одржливост и е во најдобар интерес на нашите засегнати страни. Со проактивно идентификување, процена и управување со сите нејзини потенцијално значајни ризици и можности, УСЈЕ е во состојба да се подготви за прашања што можат да влијаат врз долгорочната одржливост на нејзините деловни активности и да ги постигне своите стратешки цели.

Кодексот на однесување и групните политики на ТИТАН, кои се имплементирани во УСЈЕ, ги опфаќаат сите стратешки области и материјални прашања, ги пренесуваат принципите, правилата на однесување и стандардите и им даваат упатства на вработените и на надворешните деловни соработници, какви што се продавачи и купувачи, за да се обезбеди усогласеност со применливите внатрешни и законски правила.

» Сите процеси на усогласеност ги надгледува Секторот за внатрешна ревизија на Групацијата ТИТАН, кој од јануари 2020 година презеде поширока улога и покрај за внатрешната ревизија, одговорен е и за ризиците и за усогласеноста.

## Кодекс на однесување на ТИТАН

Во остварувањето на своите деловни цели, УСЈЕ совесно ги спроведува своите етички принципи одредени во Кодексот на однесување. Документот се однесува на етички прашања и дава насоки што ги дефинираат нашите принципи на работење. На тој начин, обезбедуваме нашите вработени да се запознаени со највисоките стандарди што ги применува компанијата во водењето на деловните активности. Ова вклучува строго почитување на законите, човековите права, меѓународните конвенции за борба против корупцијата, заштита на доверливите информации, промовирање одржлив развој, како и односи со клучните соработници. Во 2020 година, ажурираната верзија на Кодексот на однесување беше споделена електронски со сите вработени.

## Групациски политики и системи за управување поврзани со ESG резултатите

| Групациски политики | | | |
|---|---|---|---|
| Политики поврзани со ESG резултатите | Дисеминација на политиката | Имплементација на политиката | Процена на политиката |
| Политика за човекови права | ● | ● | ● |
| Политика за борба против поткуп и корупција | ● | ● | ● |
| Рамка за раководење луѓе | ● | ● | |
| Политика за корпоративна општествена одговорност | ● | ● | ● |
| Кодекс на однесување | ● | ● | ● |
| Политика за животна средина и ублажување на климатските промени | ● | ● | ● |
| Политика за безбедност и здравје при работа | ● | ● | ● |
| Политика за конфликт на интереси | ● | ● | ● |

## Стандарди за известување на ТИТАН за објавување на ESG резултатите во 2020 година

| Области на ESG резултати | Стандарди за известување | | |
|---|---|---|---|
| | GCCA | UNGC | UNCTAD |
| Животна средина (Поврзување со Клучните индикатори на успешноста во Табела 2.2) | | | |
| **Локални влијанија** | | | |
| Влијание врз природните ресурси на суровини | | ● | ● |
| Замена на природни суровини со алтернативни материјали (нуспроизводи) | ● | ● | ● |
| Влијание врз водните ресурси | ● | ● | ● |
| Избегната потрошувачка на вода | | ● | ● |
| Влијание врз биодиверзитетот и управувањето со земјиштето | ● | ● | |
| Емисии во воздухот | ● | ● | |
| Избегнати емисии во воздухот (прашина, $SO_x$ и $NO_x$) | | ● | |
| Управување со отпад | | ● | ● |
| Влијание врз горивата и енергетските ресурси | ● | ● | ● |
| **Климатски промени** | | | |
| Влијание врз емисиите на стакленички гасови | ● | ● | ● |
| Алтернативни горива и материјали | ● | ● | ● |
| Влијание врз енергетските ресурси | ● | ● | ● |
| Избегнати емисии на $CO_2$ | | ● | ● |
| **Инвестиции во животната средина („Зелени инвестиции“)** | | ● | ● |
| Општествени аспекти (Поврзување со Клучните индикатори на успешноста во Табела 2.3) | | | |
| **Безбедност и здравје** | ● | ● | ● |
| **Вработување** | | ● | ● |
| **Развој на луѓе** | | ● | ● |
| **Вклучување на засегнатите страни** | | ● | ● |
| Управување (Поврзување со податоците во Табела 2.4) | | ● | ● |
| **Поврзано со Прегледот за напредна комуникација на напредокот на Глобалниот договор на Групацијата ТИТАН** Поврзување со информациите во Табела 4 „Преглед за напредна комуникација на напредокот на Глобалниот договор на Групацијата ТИТАН“ и Табела 5 „Транспаренси интернешнл - Индекс на перцепција на корупцијата 2020“ | ● | ● | ● |

### Белешки за користените стандарди

**GCCA:** ТИТАН ги следи Рамковните упатства за одржливост на GCCA и Упатствата за одржливост за следење и известување за: безбедност во производството на цемент и бетон, $CO_2$ емисии од производство на цемент, ко-обработка на горива и суровини, следење и известување за емисии, мониторинг и известување за вода во производството на цемент и за рехабилитација на рудници и управување со биодиверзитетот (за сите документи референците се кон последното издание во 2019 или 2020 година). Горенаведените упатства беа заменети со претходните – и соодветните – Упатства на WBCSD/CSI во 2020 година, кои беа насоки за мерење, пријавување и проверка на еколошките резултати до (вклучително и) 2018 година.
**UNGC:** ТИТАН ги следи барањата за известување за исполнување на критериумите на Глобалниот договор на ОН во врска со напредното ниво на Комуникација на напредокот.
**UNCTAD:** Според својата рамка за извештаи, ТИТАН ги усвои применливите клучни индикатори за успешност според Упатството на Обединетите нации - УНКТАД „Упатство за основните индикатори за субјектите кои известуваат за придонесот кон остварувањето на целите за одржлив развој“ (најнова објава во 2019 година), како дополнување на горенаведените Стандарди за известување S1 и S2.

# Извештај за независно ограничено уверување



Grant Thornton

**Цементарница УСЈЕ АД, Скопје**
Бул. Борис Трајковски бр.94
1000 Скопје

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија
**Т** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**Е** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

## Извештај за независно ограничено уверување

До Раководството на Цементарница УСЈЕ АД, Скопје

### Вовед и обем на работа

Ние бевме ангажирани од Цементарница УСЈЕ АД, Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото") да извршиме ангажман за ограничено уверување во врска со следниве информации, презентирани во Годишниот извештај за одржливост за 2020 година на Цементарница УСЈЕ АД, Скопје (во понатамошниот текст „Извештај за одржливост"):

- Конзистентноста на презентираните квалитативни и квантитативни обелоденувања за одржливост, во однос на принципите на Глобалниот договор на Обединети Нации и поконкретно со критериумите за напредно ниво на Комуникација на напредокот (Communication on Progress "COP").
- Комплетноста и точноста на квалитативните и квантитативните обелоденувања за одржливост, поточно во областите на животната средина и безбедноста и здравјето во однос на критериумите применливи во 2020, кои се усогласени со секторските насоки и стандардите за известување (GCCA[1] Повелба за одржливост (*GCCA Sustainability Charter)*, GCCA Рамковни Насоки за Одржливост (*GCCA Sustainability Framework Guidelines)*) и други релевантни и применливи GCCA насоки како и оние насоки на Светскиот бизнис совет за одржлив развој / Иницијатива за одржлив развој за цемент (World Business Council for Sustainable Development / Cement Sustainability Initiative WBCSD/CSI) кои што се применливи во 2020 година и со стандардите на ТИТАН Групата[2] за известување на ниво на групата и на ниво на деловната единица.
- Методологијата на процена на материјалноста согласно со упатствата на стандардот AA1000 и поконкретно, процесот што го следи Друштвото во однос на идентификување и приоритизирање на најрелевантните материјални прашања, имајќи го предвид влијанието што секое материјално прашање го има врз Друштвото и нејзините заинтересираните страни.

### Одговорност на Раководството

Раководството на Друштвото е одговорно за комплетна и точна подготовка и презентирање на Извештајот за одржливост во согласност со принципите и стандардите наведени во параграфот „Вовед и обем на работа". Оваа одговорност вклучува и избор и примена на соодветни методи за подготовка на Извештајот за одржливост и примена на претпоставки и процени за индивидуалните обелоденувања за одржливост кои се разумни во околностите. Исто така, одговорноста вклучува дизајнирање, имплементирање и одржување на системи и процедури релевантни за подготовка на Извештајот за одржливост.

[1] Global Cement and Concrete Association (GCCA) или Глобалната Асоцијација за Цемент и Бетон (GCCA)
[2] TITAN Cement International (наведено како "ТИТАН Група") е сопственик на Друштвото

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

grantthornton.mk

Grant Thornton

### Наша независност и контрола на квалитет

Ние ги почитуваме независноста и останатите етички барања од Кодексот за етика на професионални сметководители објавени од страна на Одборот за Меѓународни стандарди за етика за сметководители („ОМСЕС") кој е заснован на фундаменталните принципи на интегритет, објективност, професионална одговорност и должно внимание, доверливост и професионално расудување. Во овој контекст, тимот на ангажманот за уверување е независен од Друштвото и не учествувал во подготовката на Извештајот за одржливост на Друштвото за 2020 година.

Ние го применуваме Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 и соодветно одржуваме сеопфатен систем за контрола на квалитет вклучувајќи документирани политики и процедури во врска со усогласеноста со етичките барања, професионалните стандарди и применливите правни и регулаторни барања.

### Наша одговорност

Наша одговорност е да извршиме ангажман за независно ограничено уверување за да изразиме заклучок врз основа на процедурите кои се спроведуваат за избраните податоци, како што е опишано во параграфот „Вовед и обем на работа".

Нашата работа е спроведена во согласност со МСАУ 3000 „Ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверки на историски финансиски информации" објавен од Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување. Овој стандард бара наша усогласеност со етичките барања на Кодексот за етика на професионални сметководители објавени од страна на Одборот за Меѓународни стандарди за етика за сметководители, како и да го планираме и извршуваме ангажманот за независно ограничено уверување на начин кој ќе ни овозможи да изразиме заклучок со ограничено уверување.

Ангажман за ограничено уверување е ограничен главно на распрашувања и аналитички постапки. Постапките спроведени во ангажман за ограничено уверување се разликуваат во природата и временскиот распоред, и се помали во обем од оние за ангажман за разумно уверување. Следствено, нивото на уверување добиено при ангажман за ограничено уверување е значително помало во обем од она добиено при ангажман за разумно уверување спроведено во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и уверување. До степен до кој е дозволено со важечкото законодавство, ние не прифаќаме ниту преземаме одговорност за нашиот ангажман или за овој извештај кон никого, освен кон Друштвото и ТИТАН Групата, освен ако условите не се договорени експлицитно во писмена форма, со наша претходна согласност.

### Резиме на извршената работа

Во рамките на делокругот на нашата работа ние ги извршивме, меѓу другите, следниве постапки во врска со анализата на материјалноста, пристапите за управување и клучните податоци презентирани во Извештајот за одржливост:

- Читање на Извештајот за одржливост (во целост) за да се увериме дека е во согласност со критериумите наведени во параграфот „Вовед и обем на работа" во овој Извештај за независно ограничено уверување;
- Преглед на извештаи објавени во надворешни медиуми за да ги идентификуваме релевантните прашања поврзани со одржливоста во периодот на известување, доколку постојат;
- Распрашување на вработените одговорни за подготовката на Извештајот за одржливост заради обезбедување на информации за перформансите за одржливост за да се разберат и оценат процесите, интерните контроли и информационите системи кои се однесуваат на подготовката на горенаведените информации;
- Разбирање на Друштвото во однос на неговата организациона структура за одржливост, дијалог со заинтересираните страни и развојниот процес на програмата за одржливост;

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

Grant Thornton

- Преглед на процесот на материјалност спроведен од страна на Друштвото и дополнително, преглед на истражувањето / студијата на достапна документација обезбедена од Групацискиот Оддел за спроведување на ESG[3] резултати и референтни надворешни студии (GCCA), потврдувајќи ги материјалните прашања оценети за време на интерно спроведената работилница за материјалност.
- Учество на работилницата за материјалност на Друштвото со цел да се обезбеди имплементација на барањата на Стандардот за Уверување АА1000 за време на анализата и развојот на финализацијата на матрицата за материјалност 2021.
- Споредување на текстот и податоците (врз основа на примерок) презентирани во Извештајот за одржливост со изворите на податоци. Ова вклучува разгледување за тоа дали се вклучени сите материјални прашања и дали објавениот текст и податоци се точно извлечени од изворите на информации.

### Инхерентни ограничувања

Одредени избрани информации вклучуваат нефинансиски податоци кои се предмет на повеќе инхерентни ограничувања од финансиските податоци. Квалитативните толкувања на релевантноста, материјалноста и точноста на податоците се предмет на индивидуални претпоставки и процени.

За да ја спроведеме нашата работа, ние се потпиравме исклучиво на информациите обезбедени од раководните лица на Друштвото, кои со добра волја ги прифативме како целосни, точни, реални и недвосмислени. Поради тоа, ние не ги потврдивме истите со ниедна постапка за верификација, покрај постапките што се експлицитно наведени во нашиот извештај и кои произлегуваат од нашата меѓусебно договорено методологија.

- Не се извршени никакви постапки на податоците за претходни периоди за известување, како и на податоците поврзани со предвидувања и цели.
- Ниедна постапка не е спроведена на ништо друго освен во согласност со договорениот обем и следствено, нашето мислење е ограничено во тој обем.

### Заклучок за ограничено уверување

Врз основа на спроведените процедури и обезбедените докази, не забележавме ништо што причинува да веруваме дека има било какви грешки или погрешни прикажувања кои би имале материјално влијание врз податоците и информациите презентирани во Извештајот за одржливост (вклучувајќи ги и објаснувачките белешки и релевантните референци) и дека Извештајот за одржливост за 2020 година на Цементарница УСЈЕ АД, Скопје не е подготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со погоре споменатите критериуми, во делот „Вовед и обем на работа".

Скопје,

26 јули 2021

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Управител
Сузана Ставриќ

Овластен ревизор
Сузана Ставриќ

[3] Еколошки, социјални и управувачки (Environmental, social and governance – ESG)

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

# Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи



# Извештај на независниот ревизор

До Одборот на директори и Акционерите на Цементарница Усје АД Скопје

**Извештај за поединечните финансиски извештаи**

Ние извршивме ревизија на приложените поединечни финансиски извештаи на Цементарница Усје АД Скопје, коишто го вклучуваат поединечниот извештај за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2020 година, и поединечниот извештај за сеопфатна добивка, поединечниот извештај за промени во главнината и поединечниот извештај за парични текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

**Одговорност на раководството за поединечните финансиски извештаи**

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие поединечни финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето на поединечни финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие поединечни финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Стандардите за ревизија прифатени во Република Северна Македонија („Стандардите"). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали поединечните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во поединечните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на поединечните финансиски извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на поединечните финансиски извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на поединечните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Бул. 8 септември, 16, Хипериум Бизнис Центар, 2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Даночен број: МК4030008022586, Т: +389 2 3140 900, Ф: +389 2 3116 525, www.pwc.com/mk

**Мислење**

Според нашето мислење, поединечните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Цементарница Усје АД Скопје заклучно со 31 декември 2020 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Годишниот извештај е подготвен од страна на Раководството во согласност со барањата на Законот за Трговски Друштва, член 384.

Раководството е исто така одговорно за подготвувањето на Годишната сметка и Годишниот извештај на Цементарница Усје АД Скопје, кои се одобрени од Одборот на директори.

Според барањата на Законот за Ревизија, известуваме дека историските информации прикажани во Годишниот извештај подготвен од страна на Раководството на Цементарница Усје АД Скопје, во согласност со член 384 од Законот за Трговски Друштва е конзистентен во сите материјални аспекти со финансиските информации прикажани во Годишната сметка и ревидираните поединечни финансиски извештаи на Цементарница Усје АД Скопје, на крајот на 31 декември 2020 година и за годината која завршува тогаш.

Петко Димитров
Управител

Друштво за ревизорски услуги ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Драган Давитков
Овластен ревизор

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

1 април 2021 година
Скопје, Република Северна Македонија

# Цементарница УСЈЕ АД Скопје

## Белешки кон поединечните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020

## ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
### За годината што завршува на 31 декември 2020 година

| | *Белешки* | *2020 МКД'000* | *2019 МКД'000* |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3а | 4.552.417 | 4.517.948 |
| Останати приходи | 3б | 118.636 | 114.541 |
| Трошоци на продадени производи | 3в | (2.644.523) | (2.955.103) |
| **Бруто добивка** | | **2.026.530** | **1.677.386** |
| Останати оперативни приходи | 3г | 122.287 | 97.253 |
| Останати оперативни трошоци | 3д | (215.912) | (150.558) |
| Трошоци за продажба и маркетинг | | (33.830) | (40.969) |
| Административни трошоци | 3ѓ | (221.543) | (194.300) |
| **Добивка од оперативни активности** | | **1.677.532** | **1.388.812** |
| Приходи од финансирање | | 3.232 | 10.098 |
| Курсни разлики. нето | | 7.145 | (3.141) |
| Трошоци од финансирање | | (3.085) | (1.422) |
| **Нето приходи од финансирање** | 3е | **7.292** | **5.535** |
| **Добивка пред оданочување** | | **1.684.824** | **1.394.347** |
| Данок на добивка | 4 | (161.620) | (120.276) |
| **Добивка за годината** | | **1.523.204** | **1.274.071** |
| ***Останата сеопфатна добивка која не се рекласификува во билансот на успех во последователните периоди:*** | | | |
| Ревалоризационен вишок - Вложувања во недвижности | 8 | 15.800 | 10.605 |
| **Вкупно сеопфатна добивка за годината** | | **1.539.004** | **1.284.676** |
| **Добивка за годината распределна на:** | | | |
| Акционеркси капитал на матичната компанија | | 1.444.607 | 1.208.329 |
| Неконтролирано учество | | 78.597 | 65.742 |
| | | **1.523.204** | **1.274.071** |
| *Заработувачка по акција* | | | |
| Основна заработувачка по акција која се однесува на имателите на акции на матичното друштво | 5 | 2,70 | 2,26 |
| **Вкупно сеопфатна добивка за годината распределна на:** | | | |
| Акционеркси капитал на матичната компанија | | 1.459.591 | 1.218.387 |
| Неконтролирано учество | | 79.413 | 66.289 |
| | | **1.539.004** | **1.284.676** |

# Цементарница УСЈЕ АД Скопје

**Белешки кон поединечните финансиски извештаи
за годината која завршува на 31 декември 2020**

## ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**за 31 декември 2020 година**

| | *Белешки* | *2020 МКД'000* | *2019 МКД'000* |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности. постројки и опрема | 6 | 2.490.645 | 2.453.521 |
| Нематеријални средства | 7 | 13.705 | 8.501 |
| Вложувања во недвижности | 8 | 222.744 | 208.428 |
| Вложувања во подружница | | 36.254 | 14.660 |
| Средства за истражување и вреднување | 9 | 4.232 | 4.232 |
| | | **2.767.580** | **2.689.342** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 10 | 857.418 | 709.660 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 11 | 423.260 | 315.801 |
| Пари и парични средства | 12 | 662.771 | 1.602.417 |
| | | **1.943.449** | **2.627.878** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **4.711.029** | **5.317.220** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | 13 | 1.747.730 | 1.747.730 |
| Премија | | 307 | - |
| Акумулирана добивка | | 387.743 | 1.274.071 |
| Останати резерви | 14 | 573.413 | 557.613 |
| Реинвестирана добивка | | 940.166 | 996.625 |
| | | **3.649.359** | **4.576.039** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервации за отпремнини | 15 | 49.438 | 45.979 |
| Резервација за ревитализација на рудниците | | 6.894 | 9.121 |
| | | **56.332** | **55.100** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 16 | 961.726 | 636.809 |
| Резервација за неискористен годишен одмор | | 4.496 | 10.072 |
| Тековен дел на долгорочни резервации за отпремнини | 15 | 3.728 | 4.275 |
| Обврска за данок на добивка | | 30.887 | 34.482 |
| Обврска за дивиденда | | 4.501 | 443 |
| | | **1.005.338** | **686.081** |
| **ВКУПЕН КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **4.711.029** | **5.317.220** |

*Потпишано од страна на овластени лица на Друштвото на 24 февруари 2021 година:*

Борис Хрисафов
*Главен извршен директор*

Никос Моусурас
*Финансов директор*

*Составувач, овластен сметководител со број на уверение 102613:*

Барлакоска Габриела
*Раководител на локално сметководство*

# Цементарница УСЈЕ АД Скопје

**Белешки кон поединечните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020**

## ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ
**За годината што завршува на 31 декември 2020 година**

| | *Белешки* | *2020 МКД'000* | *2019 МКД'000* |
|---|---|---|---|
| *Парични текови од оперативни активности* | | | |
| Добивка пред оданочување | | **1.684.824** | **1.394.347** |
| *Исправки за:* | | | |
| Добивка од продажба на НПО | | - | (863) |
| Амортизација на НПО | | 180.886 | 158.789 |
| Актуарска (добивка)/загуба, нето | | 6.239 | 4.876 |
| Трошок за камата, пресметка на резервации за обврски за пензионирање | | 1.617 | - |
| Приход од камати | | (3.232) | (10.098) |
| Отпис на застарена залиха и корекција на истата | | 49.484 | 4.701 |
| Неискористени денови од годишен одмор (нето) | | (5.576) | (67) |
| (Добивки) / загуби од вреднување, нето | | 1.484 | (12.395) |
| Трошок за камати | | 1.468 | 1.422 |
| Отпис на застарени побарувања и исправка на вредноста | | 978 | 1.513 |
| Нето сегашна вредност на продадени и отпишани НПО | | 12 | 513 |
| **Оперативна добивка пред промени во оперативниот капитал** | | **1.918.184** | **1.542.738** |
| (Намалување)/ зголемување на побарувања од купувачи и останати побарувања | | (108.293) | 179.554 |
| Намалување на залихите | | (197.243) | (1.900) |
| Зголемување на обврски спрема добавувачи и останати обврски | | 317.896 | 83.602 |
| **Парични средства генерирани од оперативни активности** | | **1.930.544** | **1.803.994** |
| Платени камати | | (1.468) | (1.422) |
| Платен данок на добивка | | (165.215) | (79.102) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **1.763.861** | **1.723.470** |
| *Парични текови од инвестициони активности* | | | |
| Набавка на недвижности. постројки и опрема | | (223.225) | (208.686) |
| Зголемување на вложување во подружници | | (21.593) | - |
| Средства за истражување и вреднување | | - | 49 |
| Примања од продажба на НПО | | 12 | 349 |
| Примени приходи од камата | | 3.232 | 10.098 |
| **Нето парични текови генерирани од (користени во) инвестициони активности** | | **(241.574)** | **(198.190)** |
| *Парични текови од финансиски активности* | | | |
| Дивиденда платена на акционери во Групацијата | | (2.338.633) | (808.951) |
| Дивиденда платена на малцинските акционери | | (123.300) | (44.476) |
| **Нето парични текови користени во финансиски активности** | | **(2.461.933)** | **(853.427)** |
| Нето зголемување/(намалување) на пари и парични средства | | **(939.646)** | **671.853** |
| Пари и парични средства на 1 јануари | | 1.602.417 | 930.564 |
| **Пари и парични средства на 31 декември** | 12 | **662.771** | **1.602.417** |

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
ул. Борис Трајковски бр.94
1000 Скопје
Тел: +389 (2) 2782 500
**www.usje.mk**

TITAN
CEMENTARNICA USJE